ИНСТИТУТ
ЗА ЕКОНОМСКИ
СТРАТЕГИИ И
МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ
О Х Р И Д

**ГЛОБАЛ – Ревија на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи – ОХРИД**

**Издавач: Институт за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД, Скопје**

**За издавачот: М-р Биљана Јанева**

**Адреса: „Димитирије Туцовиќ“ бр.24**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**
**тел./факс. 02 322 44 57**
**www.oi.org.mk**
**E-mail: info@oi.org.mk**

**Превод: Ружица Стојановска**

**Печат и подготовка: Академски печат, Скопје**

**Тираж: 500**

## ***Содржина ГЛОБАЛ бр.3***

*Предговор*......................................................................................... 5

*Данокот на доход во земјите на ЕУ и Југо-источна Европа*................. 7

*Односите помеѓу квалитетот на услугата, задоволството на потрошувачите и нивната верност во македонската угостителска индустрија*............................................................................................ 17

*Македонија од НАТО самитот во Букурешт до декларацијата за партнерство со САД*........................................................................... 29

*Условеноста како алатка во процесот на проширување на ЕУ*........... 34

*Шенген – Слобода на патување вклучувајќи нови препреки*................ 43

*Интеграција на имигрантите од муслиманска вероисповед во ЕУ*..... 47

*Ревизија на либералните начела кон националните малцинства*......... 60

*Културна дипломатија на Соединетите Држави – повторно појавување на битката*......................................................................... 68

*Енергетска сигурност на ЕУ – улога на Балканот*.............................. 74

*Македонската приказна во контекст на современиот дискурс за европскиот идентитет*..................................................................... 83

# ПРЕДГОВОР

Почитувани, читатели, пријатели, сегашни и идни соработници, се надеваме дека како и преостанатите така и ова издание на ревијата „ГЛОБАЛ“ ќе наиде на добар прием кај сите Вас.

Ревијата „ГЛОБАЛ“ се стреми кон промоција на најквалитетните истражувачки трудови од сите домени и аспекти на економијата, политиката и општеството, без предрасуди во однос на методологијата или на техниките на анализа кои се користени. Неговата и наша цел е да ги поддржиме авторите, аналитичарите, истражувачите и да ги презентираме нивните трудови за најширок спектар од теми од кое и да е поле на економските и политичките науки, а со тоа да дадат сопствен придонес во дадената област и да го прошират влијанието и нивната примена во практиката. Во ова издание на „ГЛОБАЛ“ како и во досегашните, традицијата на публикување текстови на еминентни и докажани личности од Република Македонија и од странство, како и млади автори кои го промовираат својот интелектуален глас продолжува и понатаму. Авторите на текстовите импонираат во одредено стручно поле на засебни проблематики, обработувајќи ги темите во различен контекст, во нивната македонска, регионална или глобална димензија.

Намерата на уредниците е списанието да претставува форум за дискусии, дебати и преформулирање на клучните прашања од дадената област. Во овој број опфатени се актуелните теми кои ја засегаат Република Македонија и светот, различни аспекти на анализа и гледиште во однос на теми кои се предмет на дебати и дискусии.

Опфатени се теми од економската сфера, политичкиот развој и културата. Веруваме и се надеваме дека како и досега и ова издание на „ГЛОБАЛ“ ќе ги исполни Вашите очекувања и ќе придонесе за иден академски и професионален развој. За таа цел Ви посакуваме пријатно читање.

Со почит,

Уредувачкиот одбор на „ГЛОБАЛ“

***Агим Мамути***
*Магистрант по Европски студии*
*Економски факултет – Скопје*

# ДАНОКОТ НА ДОХОД ВО ЗЕМЈИТЕ НА ЕУ И НА ЈУГО-ИСТОЧНА ЕВРОПА

**Abstract**

Flat tax proposals have made something of a "comeback" in recent years. The countries that have recently reintroduced flat taxes have done so largely in the hope of boosting economic growth. The Baltic countries of Estonia, Latvia and Lithuania have had flat taxes of 24%, 25% and 33% respectively with a tax exempt amount, since the mid-1990s. On 1 January 2001, a 13% flat tax on personal income took effect in Russia. Ukraine followed Russia with a 13% flat tax in 2003. Slovakia introduced a 19% flat tax on most taxes (that is, on corporate and personal income, for VAT etc., almost without exceptions) in 2004; Romania introduced a 16% flat tax on personal income and corporate profit on 1 January 2005. Macedonia introduced a 12% flat tax on personal income and corporate profit on 1 January 2007 and cut it to 10% in 2008. Albania would be implementing 10% flat tax from 2008.

## Пропорционална, прогресивна или регресивна даночна стапка

Оданочувањето може да се врши со примена на различни видови стапки. Во зависност од односот на движењето на даночната стапка и менувањето на даночната основа, даночните стапки може да бидат: пропорционални, прогресивни и регресивни.

**Пропорционална** е онаа стапка која е постојано иста (непроменлива), без оглед на тоа што даночната основа се менува, односно расте или се намалува. Апсолутниот износ на данокот се зголемува или се намалува со зголемувањето или намалувањето на даночната основа, додека релативниот износ на даночната обврска и даночната основа останува ист. Со примената на пропорционалната стапка, релативниот однос на економската сила на двајца даночни обврзници останува ист

пред и по оданочувањето. На пример, ако обврзникот А остварил доход од 20 000, а обврзникот Б од 80 000 парични единици, односот е 4:1. Ако се примени стапка од 20%, по оданочувањето на обврзникот А ќе му останат за трошење 16 000, а на обврзникот Б 64 000 парични единици. Односот помеѓу нивните доходи, значи, не се променил и изнесува и натаму 4:1.

Данокот, што се применува со пропорционалната даночна стапка обично се нарекува **пропорционален данок** (**flat-rate tax**).

**Прогресивни** се оние стапки кои се менуваат со промената на големината на даночната основа. Притоа, даночната стапка е се поголема како што се зголемува даночната основа. Резултатот од примената на прогресивните стапки, кога истовремено се зголемува и даночната основа, е апсолутното  релативното зголемување на износот на данокот. Примената на прогресивните стапки претпоставува единство на даночната основа, како во случајот кога се пресметува доходот како израз на вкупната даночна сила на обврзникот. Затоа, прогресивните стапки не се применливи на индиректните даноци кај кои даночната основа претставува надоместокот, односно цената на доброто или на услугата, а не целокупната потрошувачка на еден обврзник.

Данокот што се применува со прогресивни стапки уште се нарекува **прогресивен данок**.

**Регресивни** се оние даночни стапки кои се намалуваат со порастот на даночната основа. Оданочувањето кое би било организирано со примена на регресивни стапки би ги повластувало обврзниците со повисок доход. Но, тоа би било крајно неправично оданочување. Затоа, директната примена на регресивните стапки, односно на т.н. директна регресија е многу ретка.[1]

Значи, кај прогресивните стапки, со порастот на даночната основа, се зголемува износот на данокот, кај пропорционалните стапки данокот пропорционално се зголемува со порастот на даночната основа, а кај регресивните стапки данокот се намалува со зголемувањето на даночната основа.

[1] Живко Атанасовски, Јавни финансии, Економски факултет – Скопје, 2004, стр.128-131

## Конкурентноста на данокот во Европа

Фискалната политика во земјите во транзиција кои спроведуваат реформи е под влијание на три клучни приоритети: **упростување на фискалниот систем**, **воспоставување транспарентност**, и **чисти постапки и коректна примена на законот**. Со текот на времето, станува се повеќе јасно дека и наглите покачувања на данокот заради зголемување на даночните приходи можат да бидат во спротивност со поставените цели и дека јавната управа треба да ги ограничи придонесите за социјално осигурување со цел да се стимулира отворање на нови работни места и развој на малите и средните претпријатија. Овие лекции можат да се забележат во контекст на владините напори да ги рационализираат трошоците со цел да ги држат под контрола дефицитите во буџетите и тековните сметки.

Поголем број **земји во транзиција** посегнаа по фискалната политика како можно средство за привлекување на Странски директни инвестиции. Во текот на 90-те години, земјите од централна Европа користеа времени ослободувања од плаќање данок и други фискални стимуланси за оваа цел. Последичното влијание врз обемот и износот на приливите на капитал помогнаа да дојде до свртување на овие економии и до подобрување на нивната конкурентност. Иако инвеститорите најчесто ги наведуваат бирократијата и корупцијата како пречки за експанзија на стопанисувањето, важна е и фискалната политика.

Пример за тоа колку значајни можат да бидат фискалната политика и конкурентноста на данокот е успехот на **Словачка** да го убеди Хјундаи да инвестира во еден голем автомобилски проект. Земјата жестоко се натпреваруваше со своите соседи, комбинирајќи релативно поволни плати со импресивни финансиски средства. Овој пример може да се разгледува од две гледни точки. Едната е во однос на приемот на десет нови членки - вклучувајќи осум некогашни комунистички земји - во ЕУ. Се чини дека приклучувањето кон Унијата ги принудува земјите-членки да бараат законска еднообразност. Сепак, има области во кои националните права остануваат значајни, резултирајќи со видливи разлики дури и кога општите политички начела се исти. Конкурентноста на данокот е една ваква област.[2]

Втората гледна точка се поврзува со способноста на владата да ја користи фискалната политика со цел да го потпомогне стопанствувањето. Некои нови членки во ЕУ ги намалуваат даноците до тој степен така што старите членки зборуваат за "нефер конкуренција". Словачка

[2] http://www.worldwide-tax.com/slovakia/indexslovakia.asp

воведе квота за индивидуален данок на доход (19 отсто), имитирајќи го моделот кој балтичките земји го тестираа со години.

Неодамна во **Полска** и **Унгарија** беше намален и данокот на приход. Политиката на овие земји од Централна Европа предизвика различни реакции кај постарите земји-членки на ЕУ. **Австрија**, на пример, одлучи дека мора да се појави со слична политика со цел да го запре можниот одлив на капитал. **Германија** и **Франција** тврдат дека конкурентноста на данокот потсетува на конкурентни девалвации, во кои девизните курсеви се користат за зголемување на конкурентноста на извозот. Резултатот, предупредуваат тие, ќе биде загуби за сите. Французите и Германците исто така инсистираат на тоа дека не е во ред земјите кои користат од структурните и кохезионите фондови на ЕУ да практикуваат конкурентност на данокот кон донаторите.[3]

Иако националните фискални политики претставуваат еден широк спектар на варијации во рамките на ЕУ, реакцијата на некои од подокажаните земји-членки не треба да се потцени. Влошените социјални системи и високите плати предизвикуваат финансирање и инвестирање надвор од земјата, како и загуба на работните места. Истовремено, неуспехот на ЕУ да ги имплементира целите од Лисабонската агенда – која има за цел да ја направи Унијата најконкурентна област во светот во смисла на економија базирана врз знаење – ги засилува овие стравови. Можеби е само прашање на време кога Европската Комисија во Брисел ќе започне со одредување на "правилата" кои имаат за цел да управуваат со конкурентноста на данокот внатре во Унијата.

**Конкурентноста на данокот** во исто време претставува и можност и ризик. Пониските даноци можат да го стимулираат бизнисот и, во праведни услови, да ги зголемат даночните приходи. Доколку се премногу намалени, тие можат да бидат штетни за даночните приходи и да ги загрозат јавните добра како што се инфраструктурата, образованието и здравството. Во релативно сиромашните земји, вклучувајќи поголем број од југоисточна Европа, попусто би било да се очекува ваквите добра да бидат снабдувани единствено од јавниот сектор. Навистина, се повеќе се води дискусија за улогата на **општествено-приватните партнерства** (public-private partnership) во развојот на инфраструктурата на Балканот. Но, кога доходот по глава е мал, а поголемиот дел од популацијата има проблем со остварување на целите, ваквите партнерства нема да можат да ги дадат сите одговори. Државата неиз-

[3] http://www.worldwide-tax.com/poland/indexpoland.asp; http://www.worldwide-tax.com/hungary/indexhungary.asp

бежно останува најголем снабдувач на јавни добра, а меѓународните финансиски институции имаат значајна улога во помагањето на локалните влади за постигнување на оваа цел. Владите мора да ја пронајдат правата рамнотежа. Тие мора да настојуваат да ја подобрат ефикасноста и да ги зачуваат своите фискални системи конкурентни, а притоа да не одат премногу далеку со даночните експерименти.

## Даноците во земјите на ЕУ и во југо-источна Европа

Се повеќе европски земји се ориентираат кон пропорционалниот даночен систем. Тука влегуваат **Естонија** (1994), **Латвија** (1995), **Русија** (2001), **Србија** (2003), **Словачка** (2004) и **Украина** (2004).

Во трите години на имплементирање на пропорционален данок на доход во Русија и намалување на највисоката даночна стапка од 30% на 13%, реалните даночни приходи се зголемени за 79,7%. Процентот на собирање на даноците се зголемува. Рускиот буџет е релативно стабилен, а истовремено стимулите за работа, штедење и инвестиции остануваат силни.[4]

Воведувањето и успехот на пропорционалниот данок во растечки број земји во Централна и Источна Европа предизвика интерес и во други земји во светот. Дел од политичките партии во **Полска, Чешка**, **Грузија**, **Бугарија** и **Романија** се изјаснија за поддршка на пропорционалниот данок и го вклучија како дел од нивните програми и политиката за која ќе се залагаат.

Во **Германија**, на 27 јули 2004 година совет од 29 академици при Министерството за финансии, раководен од професор Волфганг Вигард од универзитетот Регенсбург, кој истовремено е и раководител на независниот Совет на економските советници (Sachverstaendigenrat), предложи 30% пропорционален данок за личните и корпоративните доходи. Тој данок ќе ги замени постоечкиот прогресивен данок на доход со максимална стапка од 45% и ефективната корпоративна стапка од 38.3%.[5]

Една од "старите" членки на ЕУ која се фали со својата даночна политика е **Ирска**, која во последните 15 години ја намали основната стапка за персонален доход од 35% на 20%, и истовремено ги намали стапките на капитална добивка и корпоративен данок. "Даночниот јаз" во Ирска падна за 18%, на 24,5% во последните седум години. Тоа зна-

[4] http://www.russiaeconomy.org/comments/042604.html

[5] Податоците се од статија на Алвин Рабушка,, The Flat Tax Idea Gains Momentum, August 3, 2004

чи дека за секои заработени 100 евра, просечен самец во Ирска дома ќе однесе 75,5 евра, додека Белгиецот што заработува исто толку, дома ќе однесе само 45,5 евра. Претставувајќи го буџетот за 2004, министерот за финансии Чарли Мек Греви нагласи дека ваквата политика на ниски даноци ја намалила невработеноста во Ирска на историски најниски пет процентни поени и помалку.

Пред 20 години Ирска имаше шест различни стапки за данок на доход, додека денес има само две. Ирското искуство покажува дека поедноставеното оданочување, како и пониските даночни стапки, можат да имаат влијание врз економијата.

Постојат значителни разлики во ефективноста и ефикасноста на оданочувањето помеѓу земјите во транзиција. Во просек, централноевропските влади се поефективни во собирањето на даноците отколку повеќето од нивните колеги во југоисточна Европа. Најверојатно, ова се должи на посилната јавна администрација и институции.

Земјите членки на OECD генерално покажуваат повисок степен на даночни приходи отколку земјите во развој. Но самиот простор на OECD презентира разноликост. Некои медитерански држави - Шпанија, Португалија, Грција - собираат помалку, додека нивните неформални сектори се значително поголеми. Иако постојат патокази, мора да се биде внимателен бидејќи има фрапантни разлики дури и меѓу земјите за кои се претпоставува дека обезбедуваат добра практика.[6]

Развојниот предизввик е можеби помалку релевантен за земјите кои чекаат на прием, иако и тие треба да ги затворат главните јазови со западот. Но, тоа сигурно станува од најголема важност за југоисточна Европа. Конвенционалната мудрост и советот обезбеден од меѓународните финансиски институции ја нагласуваат потребата за фискална неутралност.

Повеќето земји од југо-источна Европа го усогласуваат нивното законодавство со нормите на ЕУ во нивните барања да се вклучат на Унијата. Финанскиската помош на Унијата исто така игра улога, зошто може да ги потполни дупките во буџетот и да ги ублажи болките од даночните реформи. Од друга страна, финансиската корист од оваа помош треба да се набљудува во врска со влијанието на буџетските приходи од номиналните критериуми за конвергенција, кои се прилично вискоко ралевантни за земјите кои чекаат да бидат примени.

Земјите од југо-источна Европа треба да ја подобрат ефикасноста на оданочувањето со цел да ги зголемат буџетските приходи. За оваа цел, потребни се целосен ремонт на даночната администрација и

[6] www.oecd.org

**поедноставување на даночниот систем**. Но, поедноставувањето не треба да се претвори во фундаментализам на политиката. Земјите членки на ЕУ ја користат логиката на недисторзирачко оданочување на флексибилен начин. Има потреба од даночни режими кои се пријателски расположени за инвестициите, независно од каде тие доаѓаат. Но оваа цел не се судрува со обезбедувањето на поттици за СДИ кога тие се однесуваат на нови инвестициони операции, кои креираат работни места, внесуваат нови технологии и имаат повеќекратни ефекти од кои има корист целата економија. Овие потици не им штетат на буџетските приходи кога тие најотворено вклучуваат нова инвестиција. Поволното деловно опкружување ги привлекува СДИ, но е присутно временско ограничување. Една соодветна деловна средина не може да се креира моментално, додека фискалните поттици понекогаш можат да обезбедат натпреварувачки дух кај владите на кои многу им е потребна инвестиција од надвор. Ниското оданочување и поедноставените регулативи се од есенцијално значење за развојот на мали и средни претпријатија (МСП).

**Конкуренцијата за намалување на даноците помеѓу земјите членки на ЕУ**

Истражувањето на KPMG International покажува дека нивото на оданочување на компаниите во ЕУ константно се намалува. Главната причина е **конкуренцијата** помеѓу земјите членки на ЕУ во делот на привлекување на нови работни места и странски директни инвестиции.[7]

Просечната стапка за оданочување за компаниите кои работат во Европската Унија бележи пад за 0,28% на 25,04% во 2005 година, благодарение на намалувањето на даночните стапки во шест земји на ЕУ, вклучувајќи ја и Франција, Грција и Холандија.

Laughlin Hickey, кој го водеше ова истражување вели: "Влезот на 10-те нови членки во ЕУ во 2004 година и континуираниот труд да се укинат бариерите за слободен проток на капиталот ја зголемија даночната конкуренција помеѓу земјите членки на ЕУ. Постои јасна разлика со оглед на остатокот од светот каде што границите се цврсти, иако би можело да се каже дека глобален тренд е стабилизирање или намалување на даночните стапки".

---

[7] http://www.kapital.com.mk/

Тој исто така нагласува дека основната стапка на оданочување не е единствениот фактор кој влијае на даночното оптеретување на компанијата.

“Ниската даночна стапка не значи и низок вкупен даночен терет. Ефективното оданочување може значајно да варира зависно од ставот на владата и даночните служби кон компаниите и приватниот сектор. Јасната и сигурна даночна регулатива се цени многу повеќе, но и многу повеќе влијае врз бизнис климата”, вели Laughlin Hickey.

Бидејќи даночната конкуренција прогресивно ја намалува разликата во стапките на оданочување, многу е веројатно дека важноста на овој елемент уште повеќе ќе се зголемува. Еден од клучните начини за зголемување на даночната и економската конкурентност на земјата станува односот на даночните власти кон компаниите.

**Дебата за рамен данок**

Во дебатата за **рамниот данок**, постои фактот дека приходите во националниот буџет се зголемуваат, така настанало во Македонија, но, и во други земји каде што ова мерка е применета. Во овој случај, постои друга дилема. Дали финалната цел на една добра влада е обезбедувањето на поголеми приходи во буџетот, или благосостојбата на граѓаните?! И самите даноци, не се ништо друго освен еден принуден придонес за да се обезбеди функционалниот систем на владеењето, кој гарантира посакуван добар живот од страна на граѓаните.

Во случајот кога овие екстра приходи во буџетот на државата одат за цели што имаат квалитативен импакт кој се чувствуваа во животот на граѓаните, зголемениот товар се оправдува (се мисли на фиксниот данок на персонален доход од 10%). Проблемот е во фактот што овие земји кои го применуваат овој даночен систем, се со задоцнет развој и всушност имаат проблеми со управувањето на наплатата на даноците, што во поголем број на случаи се доаѓа во израз информалната економија или корупцијата.

Револуцијата на **рамен данок** што се случува во источна Европа се прошири и на Македонија: новата влада, усвои рамен данок со стапка од 12 насто на личниот доход за 2007 година. Во 2008 година, стапката падна на 10 насто, што претставува најнизок данок во светот заедно со Киргистан и Казахстан. Во владина изјава се вели: “Со овој чекор ќе се намали даночната евазија и ќе се стимулираат даночните обврзници да ги исполнуваат нивните обврски кон државата. Тоа, исто така, ќе ги охрабри странските инвеститори да вложуваат пари во македонски бизниси, знаејќи дека даноците се ниски“.

Додека напредните народи на Западот имаа рамни даноци пред влијанието на марксизмот, модерното движење на рамен данок во Европа започна во 1994 година – со **Естонија**, **Латвија** и **Литванија** како предводничка. Издвојувајќи се како **“Балтички тигри“**, трите земји доживеаја прилив на странски инвестиции, опаѓање на стапката на невработеност и запрепастувачки пораст на БДП. Позитивните резултати не останаа незабележани во соседството, што резултираше со бран на “даночна конкуренција“ кој се прошири на десет источноевропски земји со Македонија која неодамна го усвои рамниот данок за да стане конкурентна за странски инвестиции.

“Во глобалната економија, капиталот природно тече во области со најмал отпор, па на тоа се должи што има експлозивен пораст на земји со рамен данок“ истакнува **Гровер Норквист**, претседател на Американците за даночна реформа. “Иронично е што сме сведоци дека голем број источно-европски земји, многу од нив поранешни комунистички народи, одат кон поедноставување на даноците“, продолжува Норквист, “додека американскиот систем на оданочување се движи во спротивна насока“.[8]

Ова е листата на држави со рамен персонален данок, година на воведување и даночни стапки за 2007 и 2008 година:

| **Држава** | **Година** | **2007 стапка** | **2008 стапка** |
|---|---|---|---|
| Киргистан | 2006 | 10% | 10% |
| Казахстан | 2007 | 10% | 10% |
| Грузија | 2005 | 12% | 12% |
| Македонија | 2007 | 12% | 10% |
| Русија | 2001 | 13% | 13% |
| Украина | 2004 | 13% | 13% |
| Србија | 2003 | 14% | 14% |
| Ирак | 2004 | 15% | 15% |
| **Романија** | 2005 | 16% | 16% |
| **Словачка** | 2004 | 19% | 19% |
| **Естонија** | 1994 | 22% | 21% |
| **Летонија** | 1994 | 25% | 25% |
| **Литванија** | 1994 | 27% | 24% |

Земјите членки на ЕУ се со болдирани букви.
Извор: World Taxpayers Associations (www.worldtaxpayers.org)

[8] http://www.atr.org/content/html/2006/dec/120406pr-global_flattax.html

**Заклучок**

Глобализацијата и подемот на глобалните странски директни инвестиции ја интензивира конкуренцијата меѓу владите, особено на земјите во развој кои настојуваат да привлечат странски директни инвестиции чијшто директен ефект е намалувањето на невработеноста и зголемувањето на животниот стандард на населението.

Како што капиталот и компаниите стануваат се повеќе мобилни, а бизнис климата се повеќе слична, предизвикот да користат даночни олеснувања за привлекување на странските директни инвестиции сé повеќе доби во интензитет, особено кај земјите во развој.

И покрај тоа што многу од економските теоретичари не се согласуваат во поглед на прашањето колку е исправно користењето на даночни олеснувања во привлекувањето на странски директни инвестиции, практиката покажа дека токму тие придонесоа да многу од земјите во развој остварат одржлив раст на странските директни инвестиции.

Секако дека факторите како инфраструктурата, политичката стабилност, стабилноста на цените, одмерената владина регулација, владеењето на правото, цената на трудот, итн., се важни, но она што денес најмногу влијае во поглед на донесувањето на крајната одлука околу изборот на локација за инвестирање е висината на даночната стапка.

*м-р Марина Топалоска*
*Економски аналитичар*

# ОДНОСИТЕ ПОМЕЃУ КВАЛИТЕТОТ НА УСЛУГАТА, ЗАДОВОЛСТВОТО НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И НИВНАТА ВЕРНОСТ ВО МАКЕДОНСКАТА УГОСТИТЕЛСКА ИНДУСТРИЈА

**Abstract**

In today's competitive markets services are becoming more and more important factor for companies. Many authors have discussed the issue of service quality, defining "quality" with relation to carefully chosen different selection criteria. Some of the concepts regarding service quality, customer satisfaction and loyalty, developed by numerous theorists will be described, and their relevance and relationship will be investigated.

Accordingly, an increasing amount of attention imposed by the researcher analysis service quality has been determined, thus, service quality measures will be identified.

The key aspect in this examination is the service quality model, called "Gap" model, developed by the authors. Furthermore, the assessment of this model into the segment of the restaurant industry is examined, by implementing it into the particularly chosen restaurant. All five Gaps' are going to be analyzed and further managerial implications will be proposed.

**Преглед на литературата**

Квалитетот во поширока смисла може да биде дефиниран како врвна одлика. (Цајтмал, 1988). Крозби_(1979) го дефинира квалитетот како "подреденост кон барањата". (цитирано во Парасураман, Цајтмал и Бери, 1985, стр.41) Според јапонската филозофија, квалитетот е " без ниеден ефект- успешна реализација од прв пат" (Парасураман, Цајтмал и Бери, 1985) Многумина автори ја разгледуваат постоечката литература на тема квалитет на услугата. Поради карактеристиките на услугата (нематеријалност, неможноста од одвојување на производството од потрошувачката, перцепцијата на потрошувачите и хетерогеноста) издвоени се три потесни теми: (1) за потрошувачот е потешко да го утврди квалитетот на услугата отколку квалитетот на производите. Отсус-

твото на материјални докази ги принудува потрошувачите да зависат од други показатели како на пример, од цената; (2) перцепцијата на квалитетот на услугата зависи од споредбата на очекувањата на потрошувачите и стварната услуга; (3) проценките на квалитетот не се прават само на резултатот на услугата туку вклучуваат проценка на процесот на изведба на услугата, што подразбира на кој начин е извршена услугата. (Парасураман *et al*, 1985) На тој начин врз основа на истражувачката квалитативна студија, е формулиран моделот за квалитет на услугата познат како моделот на разлики 'Gap'.

Исто така согледано е дека повеќето од атрибутите на услугата не можат да се измерат, да се тестираат или да се потврдат претходно, пред продажбата со цел да се обезбеди потврда на квалитетот. (Котлер, 2001). Неколку студии го посочуваат фактот дека проценките на квалитетот и вредноста од страна на потрошувачите се главно функција на тргање на сомневањето кое може да произлезе од разликите помеѓу очекувањата и перцепираните нивоа на извршувањето (Кангис и Паса, 1997).

Концепцијата и мерењето на квалитетот на услугата е доминантно со користењето на скалата SERVQUAL создадена од Парасураман *et al*. (1985, 1988, 1993). Мерењето на квалитетот на услугата ги идентификува десетте детерминанти во пет посебни компоненти: *допирливост, сигурност, комуникативност, гаранција и емпатија.*.

Оваа мерка за квалитетот на услугата предлага компарација заснована врз моделот Gap на очекувањата и на перцепцијата на изведбата од страна на потрошувачите. Брејди, Кронин и Бренд (2002), даваат друга алтернатива за мерењето на квалитетот на услугата според Парасураман *et al*. Според нив не е неопходно да се земат в предвид очекувањата на потрошувачите кога се мери квалитетот на услугата. Кронин и Тејлор (1992) ја нарекоа скалата SERVPERF бидејќи е показател само на изведбата. Овие мерки за изведбата се засноваат само на перцепцијата на потрошувачот за изведбата. Ова е сосема различна гледна точка од онаа на Парасураман *et al.* кадешто квалитетот се мери врз основа на разликата што постои помеѓу перцепциите на потрошувачите за извршувањето и нивните очекувања.

Одреден број на критичари не му се наклонети на моделот на Парасураман *et al.* (1998) кој се базира врз моделот на разубедување на Оливер (1980) Во овој модел, според Оливер, задоволството е функција на одвојувањето на изведбата од очекувањата. Според Карман(1990) SERVQUAL не може да биде генеричка мерка применлива во секоја услуга. Потребно е прилагодување за секоја посебна услуга. Кронин и

Тејлор (1994), Тиз (1993) ја поддржуваат тезата дека севкупниот квалитет на услугата се утврдува само преку перцепцијата а не според разликата помеѓу очекувањата и изведбата.

**Квалитет на услугата наспроти задоволството на потрошувачите**

Одреден број студии го истражуваат соодносот помеѓу квалитетот на услугата и задоволството. Дел од постоечката литература се согласува дека задоволството е предуслов за квалитетот на услугата (Болтон и Дру, 1991) Од резултатот на оваа студија произлегува емпириската поддршка за ставот дека перцепираниот квалитет на услугата всушност води до задоволство (Кронин и Тејлор 1992; Оливер, 1980). Резултатот покажува дека квалитетот на услугата е предуслов за задоволни потрошувачи и дека тоа има поголемо влијание врз намерата за купување отколку квалитетот на услугата. Не е правило потрошувачите да ја одберат услугата со највисок квалитет. Наместо тоа тие можат да се одлучат за услуги од кои се позадоволни. (Ли Ли и Ју 2000). Од тука следува дека задоволството и намерата за купување можат да зависат од други влијаечки фактори како цената, погодноста, достапноста, но сепак перцепцијата за квалитетот на услугата кај потрошувачите ќе остане иста. (Кронин и Тејлор 1992). Како резултат на ова, менаџерите на услуги треба да се обидат не само да го подобрат квалитетот на услугата туку да ги утврдат сите фактори кои не мора да се поврзани со квалитетот на услугата. (Ли *et al.*, 2000). Поради тоа што е поисплатливо да се задржи стар клиент отколку да се привлече нов, компаниите треба одново да направат проценка на наменскиот буџет со цел да го подобрат факторот на задоволни потрошувачи (Спренг et al., 1995) како и да ги зголемат прашањата на купувањето.(Ли *et al.*, 2000). Притоа, Парасураман *et al.*, (1994) истакнува дека насоченоста на на соодносот на квалитетот на услугата-нивото на задоволство е се уште во прашање и дека идните студии на овие односи треба да вклучуваат скала со повеќе параметри.

Исто така, бројните студии укажуваат на своевидна усогласеност во однос на фундаменталната разлика помеѓу квалитетот на услугата и задоволството на потрошувачите: квалитетот е долгорочен став, додека пак задоволството на потрошувачите е минлива проценка што се заснова на определена услуга. (Болтон и Дру1991; Кронин и Тејлор 1992; Оливер 1993). Смит и Хјустон (1982) истакнуваат дека "задоволството од услугите е поврзано со потврдата или разминувањето со очекувањата."(цитирано во Парасураман *et al.* 1985, стр.42). Врз основа на парадигмата за разубедување, задоволството се поврзува со количеството и

насоката на ова искуство поврзано со првичните очекувања на лицето (Черчил и Сапернант , 1982, cited in Парасураман *et al.* 1985, p.42).

**Задоволството наспроти верноста на потрошувачите**

Истражувањата поврзани со проучувањето на однесувањето на потрошувачите во областа на услужниот маркетинг доживува голем напредок со текот на времето. Според влијанието и обемот на извршената работа во рамките на истражувањата на задоволството на потрошувачите, утврдено е дека доминантните теории се надминувањето на очекувањата (Черчил и Сапернант, 1982; Оливер 1980) како и когнитивната психологија (Фолкас, 1988; Вајнер, 1980, цитирано во Андреарсен и Линдштад 1996, стр.7). Парадигмата за надминати очекувања (Оливер, 1980) покажува дека верноста на потрошувачите ( на пр. намера за повторно ангажирање, добрата волја да се препорача услугата во околината) е функција на задоволството на потрошувачите, што од своја страна е функција на когнитивната споредба на очекувањата пред користењето и конкретното искуство. Задоволството/незадоволството на потрошувачите бара искуство со услугата и врз него влијае перципираниот квалитет и вредност на услугата. (Андерсонет *et a*l., 1994, цитирано во Бучер *et al.* 2001). Ова е примарниот двигател во однесувањето на потрошувачите.

Освен задоволството, друг вредносен суд со менлива вредност за верност е вредноста. Додека некои автори тврдат дека задоволството на потрошувачите не е доволно за да ја поттикне нивната верност, други тврдат дека решението се наоѓа во додавање на вредноста во оваа размена. (Стам и Терти, 1991, цитирано во Бучер, Спаркс и О'Калахан, 2001) Добивањето на вредност за пари има позитивно влијание врз верноста кон услугата. (Butcher *et al.*, 2001) Исто така, перцепираниот квалитет е истакнат како друг променлив вредносен суд.. Цајтмал (1988) го дефинира перцепираниот квалитет на услугата како "проценка на потрошувачот за севкупната супериорност на производот" (стр.3) Претпоставката заснована на оваа тема укажува дека перцепираниот квалитет на главната услуга има позитивно влијание на верноста кон услугата. (Бучер *et al.*, 2001) Накратко, Бучер et al. (2001) тврди дека "додека со овие претпоставки се укажува дека овие вредносни проценки имаат позитивно влијание врз верноста кон услугата не е јасно дали ова влијание е директно за секоја променлива вредност. Исто така, не е јасно дали овие вредносни проценки влијаат врз верноста на потрошувачите во присуство на релевантни фактори."(стр.314).

**Gap Анализи на разликите**

Моделот на разлики ‘Gap’ (Парасураман *et al.*,1985;Цајтмал *et al.*, 1990) е средство со кое се опишува незадоволството на потрошувачот во контекстот на квалитетот на услугата. Со цел квалитетот на услугата да биде оценет како висока класа на Ресторани во Република Македонија, беа изведени разговори и набљудувања. Интервјуирани беа клиентите како и менаџерите на рестораните. Георгиевски (2007) менаџер на неколку ресторани во главниот град на Македонија изјави дека компанијата има едноставна филозофија: “Однесувај се добро со клиентите и тие ќе се вратат повторно и повторно… Следете ја оваа филозофија и нема шанси да потфрлите.” Сепак, серија “пропусти“ во поглед на квалитетот на услугата беа дополнително утврдени.

Според Парасураман *et al.,* (1985) “ Збир од важни расчекорувања или разлики постои во однос на извршните перцепции на квалитетот на услугата и задачите поврзани со давањето на услугата на клиентите. Овие пропусти можат да претставуваат големи пречки во обидот да се изврши услуга која потрошувачите ќе ја перцепираат како услуга со висок квалитет. “(стр.44) Постоечкиот модел се состои од следните пет Разлики кои се согледани во ресторанните од висока категорија во Скопје.

Разлика бр.1

---

• *Разликата помеѓу очекувањата на потрошувачите и перцепцијата на менаџментот на очекувањата на потрошувачите помеѓу очекувањата на потрошувачите и перцепцијата на менаџерите за очекувањата на потрошувачите. (Лук и Лејтон, 2002)*

Менаџерите на ресторанite не разбрале кои карактеристики претставуваат висок квалитет за потрошувачите, кои карактеристики треба да ги има една услуга за да ги задоволи нивните потреби и кои нивоа на изведба на овие карактеристики се потребни за да се постигне висок квалитет.

*Несоодветно ориентирано маркетиншко истражување* е еден од главните фактори што менаџерите не успеваат да го применат. Бидејќи овие македонски ресторани не користеле соодветна комуникација со своите клиенти со цел да ги задоволат нивните потреби и желби во поглед на понуденото мени, квалитетот и количината на храната, не може да стане збор за детално истражување. Во последно време клиентите се повеќе се ориентираат кон здрава исхрана. Недоволната комуникација со клиентите како и фокусирањето на неважни карактеристики како што се дизајнот на ресторанот и атмосферата доведува до неуспех за менаџерот во обидот да се задоволат желбите и очекувањата на

клиентот. Во овие македонски ресторани единствениот метод користен од страна на управата беше набљудувањето; без употреба на други формални и неформални методи, што значи дека не биле собрани сите релевантни информации за очекувањата на клиентите.

Друг фактор поврзан со оваа разлика е *недостигот од нагорна комуникација.* Недоволната комуникација помеѓу вработените и менаџерот создава неадекватно извршување на услугата. Како последица на фактот што вработените во ресторанот не биле обучени да соработуваат и да споделуваат информации со другиот персонал во позадината и со менаџерот, се создаваат неадекватни услови за услугата што доведува до порции со студена храна, бавна услуга на клиентот.

Исто така, недоволното фокусирање на односите во компанијата е едно од прашањата поврзани со овој модел на разлика.

Бидејќи јакнењето на комуникациските канали со клиентите е од исклучителна важност, важна улога игра сегментацијата на пазарот. Македонските ресторани не извршиле сегментирање по демографска, психолошка и психо- графска основа што укажува на фактот дека не се во состојба да ја привлечат целната група на потенцијални потрошувачи.

Парасураман *et al.,* (1985) вели:

- *“Претпоставка бр. 1: Разликата помеѓу очекувањата на потрошувачите и менаџерските перцепции за тие очекувања има влијание на оцената на потрошувачите за квалитетот на услугата.”( стр.45)*

Предлог бр 1:

Компанијата може да преземе неколку мерки со кои ќе го оцени степенот на задоволство на потрошувачите и ќе го подобри квалитетот на своите услуги. За обезбедување на услуга со добар квалитет од особена важност е да се знаат очекувањата на потрошувачите. Треба да се применат повеќе формални и неформални методи на истражување, како на пример групи фокусирани на угостителството, анкети за степенот на задоволство и структурално разгледување на нови идеи. Од ресторанот се очекува да најде време и да вложи напор да разговараат со клиентите и потенцијалните клиенти и да дискутираат за тоа што се бара и што се очекува од севкупната услуга. Бидејќи желбите и очекувањата на потрошувачите постојано се менуваат, со фидбек од потрошувачите компанијата може да се фокусира на клучните двигатели, како што се на пример, брзината на услужувањето, разновидноста на менито, квалитетот на храната како и внимателноста на персоналот.

За додавање вредност на услугата , човечкиот фактор се уште е од особена важност. Персонализиран сервис, стручни и обучени врабо-

тени кадри играат важна улога за клиентите. Со цел да се воспостави задоволителна комуникација помеѓу вработените и менаџерот, потребно е да има споделување на информации и соработка. Ако недостига некој од овие елементи менаџерот не може да се информира за очекувањата и желбите на клиентите, бидејќи вработените во ресторанот во прв ред најчесто ги имаат сите информации.

Разлика бр. 2

---

• *Разликата помеѓу перцепциите на управата за очекувањата на клиентите и спецификите на квалитетот на услутата. (Лук и Лејтон, 2002)*

Според овој модел главно прашање е *еотсуството на целосна посветеност на управата на квалитетот на услугата..* Иако менаџерите на ресторaните истакнуваат правилна загриженост за квалитетот на услугата, некои стандарди на квалитетот не се правилно поставени. Квалитетот на услугата се утврдува според однапред поставени стандарди. Посветеноста на вработените игра главна улога во поставувањето на тие стандарди. Поради фактот што способноста на вработените однапред да ги знаат потребите на клиентите е многу мала, може да се оцени дека компанијата има ниско ниво на емпатија и нема јасно поставени стандарди на услуга. Иако во повеќето од македонските ресторани од висока категорија квалитетот на храната е на задоволително ниво, секојдневната промена на вкусовите и желбите на клиентите треба да се следат со цел јасно да се дефинираат квалитетна услуга и стандардите на квалитетот. При разгледувањето на квалитетот на производот Гарвин (1983) вели:"… сериозниот пристап на управата кон прашањата на квалитетот варира. Едно е да се каже дека верувате во производи без дефекти, но сосема друго е да одвоите драгоцено време да преминете на дело и да бидете постојано информирани." (цитирано во Парасураман *et al.* 1985, стр.45) Наведената забелешка на Гарвин се однесува и на услужните дејности.

Парасураман *et al.* (1985) вели:

• *" Разликата помеѓу перцепциите на управата за очекувањата на клиентите и спецификациите на фирмата за квалитетот на услугата ќе влијае врз квалитетот на услугата од гледна точка на клиентот."( стр.45)*

<u>Претпоставка бр. 2:</u>

Во Македонија ресторaните треба да имаат јасно дефинирани стандарди со цел да постои континуитет во надзорот врз квалитетот на услугата и степенот на задоволство на потрошувачите, како и да се применува и да се подобри специфичната комбинација на брзина, по-

годност, квалитетно мени е високо ниво на услуга што ќе ја издвои компанијата од конкурентите. Менаџерите треба постојано да ја контролираат работата на вработените и да ги обучуваат соодветно. Лидерството е исто така главен двигател за врвна успешна работа на вработените. Во однос на стандардите вработените треба постојано да бидат насочувани, да се комуницира со нив и при секоја прилика да бидат јавно пофалени. Исто така стратешките мерни системи се многу важни за надминување на оваа разлика. Со примена на стандардизираната анкета, професионално креирана со датотека за посочување на споредбата на резултатите, компанијата може да создаде врвни стандарди на квалитетот. Исто така оваа анкета претставува извештај за менаџерот еднаш месечно, во кој детално ќе бидат наведени тековните резултати на нивото на задоволни клиенти а ќе се утврди и кои подобрувања имале најголемо влијание врз нивото на задоволство и верност.

Разлика бр.3

---

- *Разликата помеѓу спецификите на квалитетот на услугата и извршената услуга. (Лук и Лејтон 2002)*

Иако менаџерот поставил насоки за правилно извршување на услугата, нејзиниот висок квалитет не е секогаш гарантиран. Објаснувањето се состои во фактот што работата на вработените не може да биде секогаш стандардизирана. Покрај други причини поради кои настануваат проблеми во квалитетната услуга, менаџерот на ресторанот ја наведува и клучната улога на контакт со персоналот. Работата на вработените, нивниот однос, став и тимска работа како и нивната способност да ја даваат услугата се посочуваат како главни проблеми во ресторанот. Покрај нивната стручна подготовка, треба да имаат и знаење и способности.

*Неуспехот при воспоставување корелација меѓу понудата и побарувачката* е еден од основните фактори поврзани со оваа разлика. Бидејќи дел од менито на овој ресторан нуди свежа морска храна, зависноста од доставувачите кои се препродавачи на смрзната храна , може да претставува проблем при брзината на услугата.

Парасураман *et al.* (1985) вели:

- *“Претпоставка бр.3: Разликата помеѓу спецификациите на квалитетот на услугата и извршувањето на услугата има влијание врз квалитетот на услугата од гледна точка на потрошувачот.”( стр.45)*

Претпоставка бр. 3:

Бидејќи човечките ресурси се од голема важност, менаџерите на ресторaните треба да вработат персонал со вистински однос и почит

спрема клиентите. Вработените треба да ја разберат нивната улога во ресторанот и треба да бидат соодветно обучени со цел правилно да ја извршуваат работата. Исто така, во македонскиот услужен сектор, недостатокот од комуникација и соработка меѓу вработените се смета како голем проблем. Тимската работа и соработка помеѓу вработените додава квалитет кон услугата. Начинот на кој вработените ја извршуваат услугата е поважен од севкупната перцепција на квалитетот на услугата.

Разлика бр. 4

---

• *Разлика помеѓу извршувањето на услугата и она што им се соопштува на клиентите за услугата.. (Лук и Лејтон 2002)*

Врз очекувањата на клиентите најмногу влијаат рекламирањето на компанијата и други комуникациски средства. Доколку се ветува повеќе од стореното, може да доведе до повисоки очекувања но послаба перцепција на квалитетот кога очекувањата нема да бидат исполнети. (Парасураман *et al.*, 1985)

Недостатокот од *Интегрирана услужна маркетинг комуникација* претставува значаен фактор кој придонесува кон овој модел. Поточно, ресторaните немаат силен интерен маркетиншки модел и затоа клиентите не знаат секогаш која е целосната понуда на ресторанот. Затоа, со користењето на радио врската како надворешна комуникација, ресторaните не можат да информираат за посебниот квалитет што се нуди. Исто така несоодветна хоризонтална комуникација е друг фактор поврзан со оваа разлика. Недоволната размена на информации помеѓу вработените кои работат на исто ниво е дел од проблемот. Исто така стратегијата на цени како на пример повисоки или пониски цени во различни периоди во годината нема смисла за клиентите. Нематеријалноста на квалитетот на услугата што се нуди уште повеќе ја комплицира техниката за формирање на цените.

Парасураман *et al.* (1985) вели:

• *"Претпоставка бр. 4 Разликата помеѓу извршената услуга и надворешната комуникација за услугата влијае врз квалитетот на услугата од гледна точка на потрошувачот. "(стр.46)*

Претпоставка бр. 4:

Доколку се ветува премногу преку разни комуникациски средства на компанијата како што се рекламирање, акциска продажба и сл. се постигнува зголемување на очекувањата на клиентите. Во македонската угостителска индустрија треба да се применуваат интерни маркетиншки програми кои на потрошувачите постојано ќе им нудат јасна комбинација на удобност, квалитет и услуга со цел да го поттикнат успе-

шниот развој на овој нов сегмент во угостителската индустрија. Исто така целата маркетинг програма треба да биде заснована на реалистични очекувања, за текот на процесот, за тековната позиција и за изгледите за во иднина, како и за идејата да се остави позитивен впечаток за компанијата.

Друго прашање што рестораните треба да го имаат в предвид со цел да пружаат подобра услуга на своите клиенти е промената на стратегијата на сезонско формирање на цени. Понудата на речиси исти цени во текот на целата година, може да остави впечаток на повисок квалитет на услугата.

Разлика бр. 5

- *Разликата помеѓу очекувањата на клиентот за услугата и нивната перцепција на извршената услуга.(Лејтон и Лук, 2002)*[1]

Од особена важност за гарантирање на квалитетна услуга е достигнувањето или надминувањето на очекувањата на клиентите. Од една страна со разговор со клиентите се дознава дека на некои им пречи бавната услуга. Бидејќи повеќето од рестораните не ја извршуваат ветената услуга, перцепцијата кај клиентот е слаб квалитет на услугата. Исто така неволноста на вработените и нивното однесување придонесуваат кон овој резултат. Од друга страна , интервјуираната група била импресионирана од ниските цени кои не го нарушувале традиционалниот квалитет на храната. Значи, во овој случај, квалитетот на услугата ги надминал очекувањата на клиентите.

Парасураман *et al*., (1985) вели:

*Претпоставка бр. 5: Квалитетот што клиентот го перцепира во една услуга е функција од големината и насоката на разликата помеѓу очекуватата услуга и перцепираната услуга.*

Претпоставка бр. 5:

Мерката на потрошувачите за квалитетот на услугата треба да се базира на пет димензии: нематеријалност; сигурност; комуникативност; емпатија; гаранција, во комбинација со другите фактори како што се искуствата од минатото, усни препораки и надворешна комуникација со кои се креира мислењето за тоа каква услуга се очекува. Меѓутоа македонските ресторани треба да ја надминат оваа разлика што ја посочуваат клиентите, со комбинација на брзината и квалитетот на пону-

[1] Разликата бр.5 е утврдена врз основа на разговори со клиентите додека разликите 1-4 беа утврдени во разговорот со менаџерите.

дената храна, применувајќи структура на цени која ќе се најде некаде помеѓу. На овој начин, се воведува развојна стратегија што се базира врз нивото на профитабилност на ресторанот преку нивото на задоволство и верност на клиентите.

**Заклучок**

Како последица на нематеријалниот карактер на услугата, на хетерогеноста и на учеството на клиентот во изведбата на услугата, не е едноставно да се измери квалитетот на услугата. SERVQUAL е средство за мерење на квалитетот на услугата. Моделот за квалитет се нарекува "GAP" модел на разлики, и главната идеа во мерењето на разликата е да се споредат очекувањата и перцепираната услуга. Освен тоа, различни автори имаат различни дефиниции за нивото на задоволство кај клиентите и поддржуваат различни претпоставки во врска со овие односи. Некои од авторите се согласуваат дека нивото на задоволство на клиентот е предуслов за квалитетот на услугата. Исто така се анализира соодносот на квалитетот на услугата и нивото на задоволство на клиентите и со тоа се добиени различни толкувања во постоечката литература.. Парасураман *et al.*, (1994) вели дека насоченоста на односот помеѓу квалитетот на услугата и нивото на задоволство е се уште во прашање и дека идните студии за овие односи треба да инкорпорираат повеќекратна скала на мерила. Исто така, односот помеѓу квалитетот на услугата и нивото на задоволство на клиентите беше анализиран во македонските ресторани и беа посочени неколку разлики.

Покрај нивото на задоволство на клиентите, беше дефинирана верноста како и нејзините менливи вредносни судови. Во поглед на верноста, Андреасен и Линдештад (1996) велат:" намерата за повторно купување и доброволното препорачување се показатели на верноста на клиентите."(стр.12)

Овој модел на разлики 'Gap' беше применет во ресторани во Македонија и сите пет разлики беа утврдени врз основа на разговори и набљудувања. Со цел овие ресторани да ги надминат овие разлики и неуспеси, дадени се неколку предлози кои можат да придонесат кон врвен квалитет на услугата. Како прво, македонските ресторани треба да преземат неколку чекори за да го постигнат нивото на задоволство на клиентите и да го подобрат квалитетот на услугата. Второ, ресторанните треба да имаат јасно определени стандарди со цел континуиран надзор на квалитетот на услугата и задоволството на потрошувачите. Трето, македонските ресторани треба да го имаат в предвид фактот што чо-

вечките ресурси играат важна улога и менаџерите треба да ангажираат персонал со правилен однос и почитување кон клиентите. Четврто, ресторaните треба да применуваат интерна маркетинг програма со која постојано на клиентите ќе им се нуди единствен спој на удобност, квалитет и услуга со цел да се поттикне успешниот развој во новиот сегмент на угостителската индустрија. И за крај, во Македонија мерилото за квалитет на услугата треба да се заснова на петте димензии: материјалност, сигурност, комуникативност, емпатија и гаранција, во корелација со други фактори како што се искуства од минатото, усни препораки и надворешна комуникација со кои се формира мислењето за тоа каква услуга се очекува.

Покрај тоа во македонската угостителска индустрија, задоволството на клиентите треба да се прифати како главен фокус на компанијата и сите пет димензии на квалитетот на услугата да се применат со понатамошна соработка и споделување на знаењето во управата што од своја страна ќе доведе до врвен квалитет на ефикасна и профитабилна услуга.

*д-р Павел Олсевски*
*Помитички аналитичар*

# МАКЕДОНИЈА ОД НАТО САМИТОТ ВО БУКУРЕШТ ДО ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ПАРТНЕРСТВО СО САД

**Abstract**

The Article describes and analyze the NATO Bucharest Summit`s Declaration and Declaration of the Strategic Partnership and Cooperation between the United States of America and the Republic of Macedonia. The aim of the author was to present the most important aspects presented in the scope of the above documents, explain the reasons of such taken decisions, compare them in the same time describing their results and show the Macedonian progress through participation in peace keeping missions, realization of reforms and respect of human and minority rights. Author also tried to present the meaning of Macedonia in the region and showed the most important reasons of why The Republic of Macedonia should be the North Atlantic Treaty Member, what does it mean to the region and what Macedonia brings with itself for the Balkan and global security and stability. Further more the article at its final thought stress the unification of NATO and regional security activities by Macedonian membership.

Македонија својот пат кон НАТО го започна во 1995 година, веднаш по приклучувањето во Партнертво за мир, и во текот на овие 13 години напредуваше, земајќи учество во ПФП тренинзите како „Спасувач“, „Кооперативен змеј“, „Кооперативен партнер 05“[1];играше голема улога во присуството на НАТО во Косово и Авганистан (ИСАФ), се приклучи кон Членството на Акциониот план и ПФП Процесот на планирање и прегледување (ПАРП).

Сепак, и покрај сите овие придонеси кон подобри економски, политички, административни и воени реформи, НАТО одлучи да не и да-

[1] Види повеќе: НАТО и ПФП вежби, http://www.morm.gov.mk/english/natopfpex.htm#spasitel

де финални преговори за влез во Алијансата. На декларацијата на самитот во Букурешт сите членки на НАТО напишаа: ја увидовме и препознавме тешката работа и оддаденоста на Поранешна Југословенска Република Македонија кон НАТО вредностите и операциите на Алијансата. Ги поздравуваме и почитуваме нивните напори кон изградбата на едно мулти-етничко општество. Во рамките на ОН, многу личности работеа во разрешувањето на прашањето за името, но Алијансата со жалење најави дека овие разговори не вродија успешна завршница. Поради тоа, се договоривме дека поканата за Поранешна Југословенска Република Македонија ќе биде одложена се до оној момент додека не се најде зедничко прифатливо решение за прашањето за името. Ги поттикнуваме преговорите да бидат извршени без одложувања и очекуваме дека истите ќе завршат што побрзо.[2] Најголемиот проблем кој што го увиде НАТО е прашањето за името на државата, истовремено почитувајќи ги интересите и грижите на Грција. Прашањето за името ги засенува грчко-македонските релации, посебно на меѓународната сцена, соработката на Македонија со Обединетите Нации, Европската Унија и воопшто билатералните контакти на Македонија. Сето започна откако Македонија објави независност и суверенитет, истовремено создавајќи го првиот устав. Грција вели дека ова име припаѓа на северниот дел на Грција наречен Античка Македонија и кое притоа може да доведе до територијални барања, иако истовремено помеѓу странските инвестиции во Македонија грчките се оние најдоминантните. Грција како во минатото така и сега и создава на Македонија како економски така и политички блокади. Македоскиот устав во член 3, амандман I го регулира ова прашање, каде вели дека Македонија ги почитува границите, е против нивна промена и нема никави побарувања кон Античка Македонија која е дел од суверена земја и е дефинитивно против сите движења налик отцепувања или присоединувања. Проблемот прерасна од билатерална дискусија кон меѓународно ниво, со тоа што Грција ги започна своите делувања против името „Македонија“ во полето на меѓународни организации без никаква почит кон меѓународните задолженија. Сега, беа употребени најразлични движења, програми и разговори, се со цел да се изнајде решение за прашањето за името, но ниту едно не даде никави резултати. Доста исклучително прашање, кое има подлабоко и поголемо влијание од сите реформи кои Македонија ги имплементираше во периодот од денот на независноста и Охридскиот

[2] Декларација на Самитот на Букурешт, издадена од владините државници и преставници кои присуствуваа на состанокот на Северно Атлантскиот совет во Букурешт на 3ти април 2008 година, www.nato.int

договор, поготово во однос на административни промени, почит кон граѓанските права, подобрување на ситуациите во однос на националните и религиозни малцинства, политичка и општествена стабилност на државата, економски стабилен развој, реформи во војската. Исто така е поважно од Македонската активност во меѓународните мировни мисии. Декларацијата на Самитот на Букурешт е со позитивен осврт за Албанија, Хрватска и Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина иако последната е под огромно влијание на националните и религиозни конфликти, поделени и притоа со закана од страна на Србите за поделба. Приложената обврска од декларацијата на Самитот во Букурешт „ (....) за стратегиски важниот регион од Балканот, каде Евро-Атлантската интеграција базирана на демократски вредности и регионална соработка, останува неизбежност за долготраен мир и стабилност“, не тера да се запрашаме: Што сакале авторите со ова да кажат? Кога во исто време не ја прифатија суверената држава Македонија како една од партнер земјите најподготвена за влез во Алијансата. Демократските правила разбрани во склоп на внатрешните работи или пак на меѓународно ниво, на општеството и воопшто на државата и го нудат следното: слобода на избор, суверенитет, почит од други земји за нивните одлуки и право да создадат свое постоење. Македонската разочараност од Самитот во Букурешт е очигледна и лесно може да се рабере.

Проблемите кои ги има Македонија не се силно развиени како оние на Србија, Босна и Херцеговина или Албанија. Истовремено на Македонија и е потребна интеграција поради неколку доста важни аспекти како: блиско соседство со Косово и голем број Албанци на границите, слаба војска и потреба за сигурносни гаранции кои ги изгуби со распадот на Југославија. Доста интересна идеја е опишана во точката 21 од Декларацијата каде НАТО земјите членки напишаа за зголемувањето на можностите за решавање на проблемот и целосна посветеност кон основните идеи на договорот во Вашингтон. Се разбира тоа не значи дека на Македонија не и е дадена таква шанса но истовремено не е именувано. Исто така, Македонија има помалку поддршка од најголемите меѓународни актери, религиозни групи, етнички групи и општества.

Најголемата можна поддршка која Македонија ја добива е од САД – *Македонска декларација за стратегиско партнерство и соработка,* која се стреми кон наважните аспекти од нивните односи и македонското локално, религиозно и глобално, политичко, општествено и економско место. Најважниот параграф од декларацијата вели: „Обете земји очекуваат Македонија да стане членка на НАТО што поскоро.

Нашата интензивна соработка во ова време ќе ја потпомогне спремноста на Македонија во блиска иднина да ги превземе обврските и одговорностите кои ги пружа Алијансата". Сето ова значи дека, САД и Македонија ја гледаат потребата Македонија да стане дел од НАТО интеграциите, и истото може да се случи доста брзо иако терминот „блиска иднина" може да значи недефиниран или нелимитиран период. Горе наведените изјави истакнуваат дека со исполнувањето на критериумите на НАТО, Македонија со сигурност има направено се што е потребно да и се приклучи на организацијата, притоа ги исполни и најважните вредности од договорот во Вашингтон. Исто така во главниот дел се истакнува дека сето ова е увидено и легитимизирано во Декларацијата на НАТО Самитот во Букурешт. САД и Македонија, обете под заеднички и исти права ќе развијат економска соработка, ќе ја зајакнат заедничката инвестиција и ќе ја зголемат либерализацијата на македонската економија. „Делејќи ја желбата за проширување на трговијата и инвестициите, САД и Македонија ќе продолжат да ја јакнат економската врска и ќе превземат дополнителни мерки за зајакнување на конкурентноста во македонската економија, притоа проширувајќи ги можностите за американскиот и македонскиот бизнис. САД ги поддржува тековните напори на Македонија за да изгради бизнис средина за привлекување на американски и други странски инвестиции". Во следниот аспект од Декларацијата опфатена е сигурноста, посебно реформите во силите за безбедност, борбата против терористи, градењето на стабилност и меѓународната соработка. На почетокот на декларацијата може да се види мислењето за почитта кон правилата на ОН, а она што е уште поважно мислењето на обете страни за македонскиот интегритет кој сега е доста разумен во однос на денешните Балкански регионални проблеми и во времето на промена на границите и нестабилната политичко-општествена ситуација. „САД и Македонија повторно ја утврдија нивната поддршка за принципите на суверенитет и територијалниот интегритет на земјите, целите и принципите на Повелбата на ОН, и унитарна, мултиетничка Македонија со своите постоечки граници." Две главни гледишта за горенаведеното се дека Македонија ја препознаваат како едно, унифицирана земја и второто гледиште, дека Македонија нема никакви планови и амбиции за промена на границите и го почитува статусот кво во регионот. Овие зборови се дефинитивно во однос на грижите на Грција и претставуваат своевиден гарант дека Македонија нема да ја промени сегашната ситуација и дека ќе го почитува суверенитетот на другите земји. Исто така оваа клауза зборува за строгото чување на тајните на Повелбата на Обединетите нации посебно во

согласност со граничната и стабилизаторната политика. Заедничката декларација на Македонија и САД и ја даде на Македонија потребната легитимизација и гарант за стабилен развој на сите полиња на државно постоење и мировна активност. Исто така и помогна на Македонија да се придвижи напред во однос на преговорите со НАТО и другите меѓународни организации притоа добивајќи профит кој ќе ја забрза трансформацијата на Македонија.

Македонија има директна соработка со САД, активно учествувајќи во мировните мисии, антитерористичките мисии, остварување на реформите и создавање силна билатерална и мултулатерална соработка, сите овие работи ја движат Македонија се поблиску кон НАТО партнерството, но дефинитивно треба да постои побрз прогрес во Евро-Атланстските интеграции, притоа не апстинирана од Грција. Со своите амбициозни планови и стабилна реализација на своите цели ја става Македонија на силна позиција како стабилизаторен актер не само на локално ниво туку и како глобален доверлив партнер во изградбата на сигурносни мерки. Регионот на Балканот кој преставува склоп на различности и конфликти треба да го искористи како пример мирното постоење и решавањето на проблемите од Македонија. Македонија заедно со САД, НАТО и во соработка и разбирање со Грција ќе претставува еден од најважните играчи на регионот на Балканот и како единствена земја од Поранешната Југословенска Федерација која стана независна без ниту еден истрел, може да влијае на регионот со стабилност и мировни идеи и да развие функционална регионална соработка, притоа имајќи ги во предвид потребата од почит кон националните и религиозните малцинства. Македонското членство во НАТО може да значи и стабилност за цела Европа и унифициран мировен прогрес на НАТО одлуките и активните процеси.

*Лазо Матовски*
*Дипломиран правник*

# УСЛОВЕНОСТА КАКО АЛАТКА ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕУ

**Abstract**

In this article the effectiveness of EU conditionality is analyzed. Viewing accession negotiations as a bargaining game, we find incentives to defect exist if the final date of accession is known, but conditions for cooperation prevail if the date is not known. Therefore we find that regardless of domestic conditions, EU conditionality is not equally effective throughout the period of preparation of a candidate for accession. Its effectiveness decreases sharply when the accession date is set and at that stage, the EU accepts the candidate's state of reforms as sufficient. This can lead to potential problems with the transposition of EU directives just before and after accession. By means of breaking the process of enlargement into multiple stages and attaching conditions to the attaining every stage, the EU has aimed to prevent candidates from abandoning reform efforts their uncertainty about the final date of accession.

Процесот на проширување на Европската унија претставува еден континуиран процес. Последната рунда на проширување во 2004 година со земјите од Централна и Источна Европа е комплетирана со приемот во полноправно членство на Бугарија и Романија во јануари 2007 година. И покрај знаците на замореност од процесот на проширување, успехот на овој европски проект продолжува да дејствува како моќна алатка врз соседите на ЕУ. Доколку Унијата успее да ги надмине своите внатрешни поделби во однос на институционалната реформа и негативната јавна реакција кон проширувањето, ќе има уникатна шанса да предизвика сеопфатни реформи во земјите-кандидати за членство кои тропаат на нејзината врата. Најважниот инструмент за реформа кој доби значајно место во текот на последните рунди на проширување е условеноста. Во оваа статија, се фокусираме на прашањето кое е од

круцијално значење за успехот и кредибилитетот на идните проширувања, односно кога условеноста е ефективна?

Кога процесот на проширување на ЕУ ќе продолжи, на Унијата ќе и биде потребна ефективна условеност со цел земјите-кандидати за членство да достигнат ниво на подготвеност за да се обезбеди непречено функционирање на внатрешниот пазар и на мултинационалниот систем на раководење и донесување одлуки. Но, дали условеноста од страна на ЕУ секогаш функционира? Дали ЕУ може да продуцира реформи во сите потенцијални земји-кандидати, да создаде мотив и притисок за модернизација, економска либерализација и демократизација? Условеноста на ЕУ има рок на траење, со други зборови, таа функционира само кога одредени услови се исполнети.

## Условеноста и Европската унија

Условеноста за проширување на ЕУ можеме да ја определиме како форма на размена меѓу ЕУ и земја-кандидат за членство кадешто ЕУ и нуди на земјата-кандидат реална перспектива за членство доколку таа успешно имплементира широк опсег на домашни реформи коишто ЕУ ги налага. Потребата за реформи ЕУ ја оправдува на тој начин што Унијата гледа на себе како еден вид клуб со специфични правила кадешто главни обележја за членство се стабилно демократско општество во кое владее правото и правната држава кое претставува поддршка за добро фунционирање на пазарната економија, способна да ги имплементира правилата на тој клуб т.н. acquis communautaire.

Како одговор на апликацијата за членство на земја-кандидат преку отворање на претпристапни преговори и во текот на самите преговори, ЕУ создава очекување дека земјата-апликант, во некој сеуште непознат временски моментум, ќе се приклучи на Унијата штом ги исполни условите за членство. Бенефитите од членството во ЕУ, без разлика дали тие се однесуваат на економски развој, национална безбедност или политичка стабилност, ја креираат движечката сила за домашни реформи во земјата-апликант. Се разбира, раководните елити на земјите-кандидати мора да бидат убедени дека земјата ќе и се приклучи на Унијата, во спротивно нема да постои голема причина да се продолжи со реформските процеси.

За да осигура проширување, ЕУ може да одреди датум за прием во полноправно членство на земјата-кандидат. Тука се поставува прашањето за ефектот на ваквата акција врз реформските напори на земјата-кандидат. За да се одговори на ова прашање, треба да се анализи-

раат условите под кои преговорите за членство поддржуваат продолжување со реформите базирани врз перспективата за членство во ЕУ. Ваквите преговори се сфатени како игра со бесконечни партии во коишто двете страни ја оценуваат обврзаноста на другиот во однос на неговите дејствија. Во принцип, ефективноста на условеноста е еродирана во моментот кога ЕУ ќе го соопшти датумот за прием. Од тој момент натаму, усогласеноста треба да биде заснована врз други механизми, исклучувајќи го механизмот на условеност.

**Фази во процесот на условеност**

ЕУ за првпат експлицитно се раководеше од Копенхагенските критериуми во последните две рунди на проширување со 10-те нови земји-членки од Источна и Централна Европа вклучувајќи ги Бугарија и Романија. Различните етапи на овој процес се сублимирани во Табела 1.

## Табела 1. Етапи во процесот на проширување

| Држава | СА (потпиша на) | Апликац ија | Мислење на ЕК | Почеток[1] | Крај[2] | АТ[3] | Прием |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бугарија | Март 1993 | Декември 1995 | Јули 1997 | Февруари 2000 | 17.12. 2004 | 25 .04.2004 | 01.01.2007 |
| Естонија | Јуни 1995 | Ноември 1995 | 15.07.1997 | Март 1998 | Декември 2002 | 16.04.2003 | 01.05.2004 |
| Кипар | Декември 1972 | 03.07.199 0 | 30.06.1993 | 30.03.1998 | Декември 2002 | 16.04.2003 | 01.05.2004 |
| Латвија | Јуни 1995 | Октомври 1995 | Јули 1997 | Февруари 2000 | Д екември 2002 | 16.04.2003 | 01.05.2004 |
| Литванија | 12.06. 1995 | 08.12.199 5 | Јули 1997 | 15.02. 2000 | 13.12. 2002 | 16.04.2003 | 01.05.2004 |
| Македонија | 09.04.2001[4] | 22.03.200 4 | Ноември 2005 | | | | |
| Малта | 1971 во сила | Јули 1990 во сила | Јули 1997 | Февруари 2000 | Декември 2002 | 16.04.2003 | 01.05.2004 |
| Полска | Декември 1991 | Април 1994 | Јули 1997 | Март 1998 | Декември 2002 | 16.04.2003 | 01.05.2004 |
| Романија | Февруари 1993 | 22.06.199 5 | Јули 1997 | 15.02.2000 | 14.12.2004 | 25.04.2005 | 01.01.2007 |
| Словачка | Декември 1991 | Јуни 1995 | Јули 1997 | Февруари 2000 | Декември 2002 | 16.04.2003 | 01.05.2004 |
| Словенија | Јуни 1996 | Јануари 1996 | Јули 1997 | Март 1998 | Декември 2002 | 16.04.2003 | 01.05.2004 |
| Турција | 12.09.1963 | Јуни 1987 | 20.12.1989 | 03.10.2005 | | | |
| Унгарија | Декември 1991 | Март 1994 | Јули 1997 | 30.03.1998 | Декември 2002 | 16.04.2003 | 01.05.2004 |
| Хрватска | Октомври 2001[5] | 21.02.200 3 | 20.04.2004 | Октомври 2005 | | | |
| Чешка | Декември 1991 | Јануари 1996 | Јули 1997 | Март 1998 | Декември 2002 | 16.04.2003 | 01.05.2004 |

Извор: http://www.europa.eu.int/enlargement/archives/key_documents/reports_2007_en
(accessed August 26, 2008).

Она што може да се каже на прв поглед врз основа на овој табеларен приказ е дека проширувањето претставува повеќекратен процес. Расцепкувањето на процесот на проширување во фази претставува мошне значаен момент, бидејќи во претходните рунди на проширувања постоеа релативно помалку фази за земјите-кандидати кои подоцна беа примени во полноправно членство. Типичниот циклус на проширување би содржел мислење на Комисијата за степенот на подготовка на земјата-апликант, доделување кандидатски статус, отворање на преговорите

[1] Почеток на преговори
[2] Крај на преговори
[3] Потпишување на Accession treaty (Договор за пристапување)
[4] ССА (Спогодба за стабилизација и асоцијација)
[5] ССА (Спогодба за стабилизација и асоцијација)

за членство, нивно успешно затворање, потпишување и ратификација на договорот за пристапување, па прием во полноправно членство. Последните рунди на проширувања претставуваат повеќекратен процес структуиран околу интермедијарни точки околу кои приемот сепак би можел да биде стопиран. Преминот од една фаза во друга, не го зголемува ветувањето за прием. Како илустративен пример може да се земе случајот со Турција која доби кандидатски статус во 1999 година, но преговорите започнаа во октомври 2005. Слично на ова, Хрватска имаше мало одложување за почеток на преговорите коишто стартуваа во октомври 2005 година кога ЕУ оцени дека преостанатите услови за почеток на преговорите се исполнети. Генерално, земјата-апликант цели првично да биде прифатена како земја-кандидат од страна на ЕУ, потоа да започне преговори, па понатаму. Овој модел обезбедува земјите-кандидати да останат на реформскиот пат и ја зголемува неизвесноста во однос на добивањето датум за прием.

Првата претпоставка го опфаќа периодот меѓу објавувањето на датумот за прием и самиот прием. Бидејќи објавувањето на овој датум влијае на условеноста, се очекува ЕУ да го одржува овој период што е можно пократок. И покрај барањата за одредување на финален датум за прием, земјите-членки од Централна и Источна Европа го добија датумот порано или подоцна на крајот на нивните преговори т.е. во декември 2002 година, што резултираше со нивно пристапување во Унијата во мај 2004 година. За Бугарија и Романија, одлуката да и се придружат на Унијата беше донесена во декември 2004 година и Договорите за пристапување беа потпишани во април 2005 година. Според ова, периодот помеѓу објавувањето на датумот за приемот и фактичкиот прием на земјата-кандидат трае две години. Ризичниот политички процес на ратификација на Договорите за пристапување од страна на земјите-членки на ЕУ не дозволува пократок период помеѓу потпишувањето на Договорите за пристапување и самото пристапување.

Како што е претходно наведено, ефективноста на условеноста е редуцирана штом се дознае дека крајот на целиот процес е на повидок. Ова не води кон втората претпоставка. Штом датумот за прием е објавен, се очекува ЕУ повеќе да не се потпира на условеноста како алатка за наметнување домашни реформи. Во контекст на ова, земјата-кандидат ќе ги забави своите домашни реформи наложени и условени во процесот на проширување. Ова очекување станува поголемо и поцврсто од фактот дека не се водат претпристапни преговори меѓу објавувањето на датумот за прием и реалниот прием. Преговорите од различните поглавја од acquis се формално затворени и Европската Комисија вр-

ши само мониторинг на напредокот на земјата-кандидат во текот на овој период. Бесконечната игра на преговори за членство наеднаш се претвора во игра со еден потег во која условеноста станува неефективна. Карактеристиките на условите кои ЕУ ги наложува, барањата за реформи, степенот на интензитет и важноста на условите варираат од година во година и од земја до земја. Условеноста во процесот на проширување не е заснована на еден или повеќе меѓусебно поврзани услови (на пример, економски реформи, либерализација и човекови права), туку е мултидимензионална и различна, всушност се состои од повеќекратни подуслови коишто произлегуваат од копенхагенските критериуми и подоцнежните дополнувања (пример, мадридскиот критериум за административен капацитет). Важноста на овие услови за прием не е подеднаква. Европската Комисија разви практика на одвојување на неколку реформски услови кои се од најголемо значење за напредокот на земјата-кандидат во годишните извештаи за нејзиниот напредок. На овој начин се создава хиерархија на условите во зависност од нивната важност. Исто така, иако се претпоставува дека притисокот на ЕУ е подеднаков и константен врз земјите-кандидати за реформи, сепак тоа не е случај, бидејќи притисокот врз некои земји е поголем и опфаќа поголем опсег на прашања за разлика од други земји-кандидати што упатува на тоа дека интензитетот на условеноста е варијабилна од земја до земја прикажано во Табела 4 кадешто е прикажан ваквиот интензитет на условеноста на ЕУ по години.

**Табела 4. Интензитет на условеноста на ЕУ**

| Земја-кандидат | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 1997-2003 | 2004 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Словенија | 0.35 | 0.26 | 0.18 | 0.12 | 0.09 | 0.09 | 0.03 | 0.16 | |
| Унгарија | 0.29 | 0.26 | 0.21 | 0.18 | 0.09 | 0.09 | 0.06 | 0.17 | |
| Естонија | 0.26 | 0.24 | 0.24 | 0.15 | 0.12 | 0.09 | 0.09 | 0.17 | |
| Чешка | 0.32 | 0.21 | 0.21 | 0.18 | 0.18 | 0.15 | 0.09 | 0.19 | |
| Литванија | 0.38 | 0.32 | 0.26 | 0.21 | 0.15 | 0.12 | 0.06 | 0.21 | |
| Полска | 0.35 | 0.32 | 0.32 | 0.29 | 0.26 | 0.18 | 0.15 | 0.27 | |
| Словачка | 0.47 | 0.44 | 0.35 | 0.26 | 0.21 | 0.15 | 0.09 | 0.28 | |
| Латвија | 0.47 | 0.44 | 0.41 | 0.38 | 0.32 | 0.24 | 0.12 | 0.34 | |
| Бугарија | 0.41 | 0.41 | 0.35 | 0.29 | 0.26 | 0.26 | 0.21 | 0.31 | 0.09 |
| Романија | 0.47 | 0.41 | 0.41 | 0.35 | 0.32 | 0.26 | 0.15 | 0.34 | 0.06 |
| Просек ЕУ-8 | 0.36 | 0.31 | 0.27 | 0.22 | 0.18 | 0.14 | 0.09 | 0.22 | |

Извор:
http://www.ec.europa.eu./enlargement/archives/key_documents/reports_2005_en.htm
(accessed August 22, 2008).

Како што е прикажано во табелата, направен е збир од вкупниот број на услови користени од страна на Комисијата во своите редовни годишни извештаи при што се сумирани вкупно 34 различни услови коишто ги покриваат повеќето области од acquis communautaire. Потоа, сумиран е бројот на услови за секоја земја-кандидат поодделно за секоја година и е пресметан индексот помеѓу тој број и реалниот број на услови. Врз основа на тоа, табелата дава преглед сразмерно на условите посочени за одреден кандидат во одредена година споредено со сите услови користени од страна на Европската Комисија. Тргнувајќи од ваквиот преглед, се очекува употребата на условеноста за 8-те земји-кандидати од Централна и Источна Европа (ЕУ-8) да се намали во 2003 година во моментот кога датумот за прием е на повидок, додека пак во случајот со Бугарија и Романија, намалувањето се очекува во 2004 година. Доколку се направи преглед на овие 10 земји поодделно, најголемиот пад на интензитетот на условеноста се случува во 2003 и 2004 година, освен за Естонија (во 2000) и Унгарија (во 2001). Овој пад е во согласност со очекувањето дека ЕУ повеќе нема да се потпира врз условеноста кога приемот во членство е на повидок. Алтернативно објаснување на овој пад на условеноста е дека Европската Комисија не може да препорача прием на нови земји-членки доколку го зголеми бро-

јот на поставените услови на самиот крај на преговорите. Ова алтернативно објаснување за намалувањето на условеноста, имплицира дека истата станува неефективна во моментот кога е донесена одлуката за прием во полноправно членство, што влијае на однесувањето на земјата-кандидат во однос на тоа дека се очекува да ги забави своите реформи штом е на повидок прием. Забавувањето е последица на редуцираната ефективност на условеноста, со други зборови, рокот на траење на условеноста е изминат.

**Заклучок**

Во оваа статија е направен обид да се анализира ефективноста на условеноста на ЕУ притоа особен акцент е ставен на последните рунди на проширување, но не помалку важно е наоѓањето одговор на прашањата поставени во воведниот дел од излагањето, односно дали условеноста секогаш е подеднакво ефективна или има свој рок на траење.

Во овој процес на "спогодување" за членство, постојат мотиви за "заобиколување". Владата на земјата-кандидат, од една страна, соочена со потенцијална домашна спротивставеност за реформи или намалена популарност во случај на непопуларни политики и мерки, може да биде ставена во искушение да одложи некои реформи или да ги усогласи само симболично на начин којшто ќе ги намали домашните трошоци. Штом ваквата "девијација" е детектирана, Унијата може да одлучи да ги одложи натамошните преговори или да го запре процесот на проширување. Од друга страна, ЕУ може да преферира да има стабилен и демократски сосед стимулирајќи го да спроведе сеопфатни реформи, но ултимативно да не го "награди" со полноправно членство. Во овој контекст, ризикот за прекин на преговорите е голем, додека перспективата за членство во ЕУ или мотивацијата за спроведување значајни домашни реформи е мала. Со цел да осигура дека ќе дојде до проширување, ЕУ може да фиксира одреден датум за прием во полноправно членство на земјата-кандидат, но ваквата акција, како што е илустрирано во самата статија, доведува до ерозија на ефективноста на условеноста, бидејќи земјата-кандидат нема да настојува да преземе домашни реформи без да постои реална закана од одложување или дури стопирање на процесот на претпристапни преговори. Свесноста на ЕУ за неефективноста на условеноста штом е објавен датумот за прием во полноправно членство е илустрирана со значајната редукција на поставените услови кога приемот е веќе на повидок. Независно од внатрешната состојба во земјата-кандидат, ефектите од условеноста и нејзиниот ин-

тензитет варираат во зависност од тоа колку земјата е блиску до полноправно членство. Ваквите укажувања може да имаат значајни импликации врз евентуалните идни рунди на проширувања во коишто може да се очекува поголем степен на сложеност на целиот процес на пристапување, но и помала желба од страна на ЕУ да се обврзува со временски рокови за прием.

*Рајнхард Клаучек*
*Политички аналитичар*

# ШЕНГЕН – СЛОБОДА НА ПАТУВАЊЕ ВКЛУЧУВАЈЌИ НОВИ ПРЕПРЕКИ

**Abstract**

The following paper is a summery of my view regarding the Shengen visa and the freedom of travel. A Schengen visa does not automatically mean freedom of travel in the Schengen Area. It is possible that a person is barred from one single country. This person doesn't even have to know that. Schengen has thus become a synonym for more freedom of travel for the citizens of the Schengen-countries. But at the same time, the possibilities for surveillance increase. And Europeans from outside the Schengen-system are faced with a new type of curtain at their borders.

Од 21-ви декември 2007 година, шенген областа беше проширена за 9 земји во Европската Унија. Кој и да сака да ја премине границата кон соседната Шенген земја може да го стори тоа секако- освен доколку постојат некои други препреки. Како на пример, она што се нарекува друга препрека би било, приватниот имот. Доколку некој има куќа токму на тоа земјиште т.е. на самата граница, границата не може да биде помината преку куќата на поседникот. За посета на соседната земја не постојат официјални потреби за преминување на границата. Доколку некој сака може да ја помине границата и со пливање. Но сепак, она што мора да се направи е да се носат своите документи со себе.

Под „Шенген“ се подразбира слобода на патување без гранична контрола (со некои исклучоци кои подолу ќе бидат објаснети), но не и слобода на патување без документи.

„Шенген“ преставува многу повеќе од елиминација на граничните правила и контроли во одредена област. Денес, зборот „поседување на Шенген“ вклучува шест области: Заштита на податоци, соработка со полицијата, воздушни граници, копнени граници, морски граници и визи. Таканаречениот „Шенген систем за информации“ поврзан е само

индиректно со слободата на патување, со тоа што преставува стапување на сила на законот за информации.

Иако слободното движење на човекот е инкорпорирано како уставно право во Римскиот договор од  1975 година и од 1984 година Франција и Германија почнаа полека да ги елиминираат граничните контроли помеѓу Франција, Германија, Белгија, Луксембург и Холандија. Во 1999 година Шенген договорот стана дел од ЕУ правото низ Договорот на Амстердам. Така, сите нови членки на Европската Унија имаат обврска да го имплементираат Шенгенскиот Систем.

Понатаму, правото на граѓаните на Европската Унија да престојуваат и да патуваат слободно во територијата на ЕУ земјите членки е запишано во Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија, ова право може да им биде доделено и на граѓани од третиот свет.

Дури и доколку денес Шенгенот е дел од ЕУ договорот, и сите членки на Европската Унија мора да го прифатат Шенгенот, иако не значи дека Шенгенската област е идентична со територијата која ги покрива земјите на Европската Унија. Сега, 22 земји членки на ЕУ како и Исланд и Норвешка се дел од Шенгенската област. Земјите членки Велика Британија и Ирска се исклучок. Кипар, Бугарија и Романија иако се членки на ЕУ сеуште не се дел од Шенгенската област. Швајцарија и Лихтенштајн, обете не припаѓаат на Европската Унија сакаат оваа година да се приклучат кон Шенгенот.

Како што напоменав „Шенген" не значи комплетно зголемување на граничните контроли во Шенген областа. Како дел од договорот, граничните контроли ќе бидат повторно воведени под такви услови и само доколку одредени формални потреби се исполнат.

Во доста случаеви погрешно се изјавува, т.е. дека Шенгенот ќе биде отповикан и суспендиран.  Еден случај каде имаше повторно воведување на граничните контроли е Светското фудбалско првенство во Германија, исто така и Фудбалското Европско Првенство кое ќе се одржи во Австрија и Швајцарија ќе преставува настан проследен со гранични контроли.

Што се однесува на сигурноста,  зголемувањето на граничните контроли е придружено со нови можни контроли. Граничните полицајци, кои досега ги контролираа границите кон истокот, не беа повлечени. Тие сега вршат поголема контрола внатре во државата. Исто така, модифицираните „одлики на безбедноста" во пасошот, се до радио чипот кој овозможува лоцирање во секое време, како и доста различни полициски овластувања може да се сметаат како придонес кон слобо-

дата на патување. Доколку од една страна се зголеменат видливите контроли, од друга страна се воведуваат невидливи контроли.

Најскор пример за надгледувачко изобилие во однос на граничните контроли е предлогот на Европската комисија за електронски влез/излез регистар. Најпрво, треба да се соберат биометрички податоци за граѓаните на третиот свет и потоа, се разбира, да се воведат во централно електронско складиште. Граѓаните на ЕУ ќе бидат волонтерски интегрирани во тој систем. Чекорот за имплантираниот чип кој што ја сигнализира локацијата на личноста во секое време повеќе не е квалитетен, туку сега станува квантитетен.

За оние европејци кои живеат во Шенгенската област, Шенгенскиот систем не преставува задоволство. Денес, шенгенска граница подразбира целосна контрола на границата, со сите достапни технички средства. Надгледувањето на шенгенскиот надворешен дел од границата помеѓу Словачка (член на шенген системот) и Украина се одвива на многу високо ниво и на беспрекорен начин, и со тоа Брежнев и другите лидери од Поранешниот Советски Сојуз заедно со нивната железна завеса може да позеленат од завист во нивните гробови.

Во однос на сето ова, тука се и Шенген визите кои се добиваат само под одредени услови и бараат одредени документи – кои ги претвараат апликантите за виза во транспарентни граѓани. Од почетокот на оваа година постојат договори за таканареченото визно олеснување за граѓаните на кои им е потребно од земјите од Југоисточна Европа. Она што од прв поглед изгледа позитивно, од втор излага политичка шега. На пример, не може да се зборува за визно олеснување во областа на бизнисот, тука дури постојат и затегнувања на правилата. Истите процедури треба да се направат и да се подадат истите документи. Дури и оние европејци кои имале Шенген визи веќе неколку пати мора да поминат низ истата процедура. Теоретската можност за вработените во организации на граѓанското општество да добијат 5 годишна виза останува ништо друго туку само теоретска можност. И сето тоа е поради тоа што во пракса оваа можност се поврзува со цела серија дополнителни процедури кои ја прават 5 годишната виза исклучок.

Единствено визно олеснување има само во однос на трошоците за визите на апликантот. Плаќањето за виза е лимитирано до 35 евра, и сега е доста полесно да се добие бесплатна виза. Ова од друга страна пак значи дека даночните обврзници од Шенген земјите треба да придонесат со повеќе финансии, поради тоа што визната бирократија е прилично скапа. 35 евра нема да можат никогаш да ги покријат трошоците за една виза.

Според тоа, граѓаните на Шенген земјите плаќаат инструмент кој што нема да им донесе никаков бенефит. Најчестиот политички аргумент за ова е дека визите носат поголема сигурност- на прв поглед изгледа оправдано за простите умови. Сепак не постои конкретен доказ за тоа што се вели. Најчесто криминалците не чекаат ред пред конзулатите.

Најдобриот пример за ова е елиминацијата на визите за Бугарија. Пред влезот во ЕУ, оваа земја од политичарите беше гледана (некои сеуште ја гледаат така) како место кое ги испорачува криминалците во Европска Унија. Дури и пред пристапувањата кон ЕУ, визите беа елиминирани за Бугарите, и притоа ништо не се промени во однос на безбедносната ситуација.

Едно недоразбирање мора да се разјасни. Шенген виза не подразбира автоматски слобода на патувањето во шенгенската област. Можно е една личност да биде исклучена од само една земја. Личноста ова не мора ниту да го знае. Исто така, конзулатот во кој ќе аплицира не смее да биде слободно избран. Значи, мора да се аплицира во конзулатот на онаа земја која преставува и главна дестинација.

Еве еден пример од нашето Паневропско искуство: член на одборот на Паневропа од земја од Југоисточна Европа добива покана за на конференција во Австрија. Членот на Паневропа успева да добие виза за една година и патува на конференцијата во Австрија, и потоа на уште 10 други дестинации, секој пат директно без притоа да стапне на Австриска почва. Ова може да предизвика проблеми при следното аплицирање, поради тоа што Австрија не била главната дестинација на патувањето.

Шенгенот навистина стана синоним за поголема слобода на патувањето за граѓаните на Шенген земјите. Но истовремено, можноста за надгледување станува се поголема. Европјаните надвор од Шенген зоната се соочени со нов тип на завеси на нивните граници.

*м-р Ирина Чудоска*
*Асистент на ФОН Универзитет, Скопје*

# ИНТЕГРАЦИЈА НА ИМИГРАНТИТЕ ОД МУСЛИМАНСКА ВЕРОИСПОВЕД ВО ЕУ

**Abstract**

While the member states of the European Union paid their full attention to the enforcement of the internal immigration border control, the migration population in the most of the European states was becoming more and more noticeable. Its influence on the public life of the European culture, in fact, stated the building up the beginning of the process of transformation of the mono ethnic European societies to cultural pluralistic societies. For a long period of time Europe is considered about the growth of the numbers of immigration of the people of Muslim religion. This becomes one kind of crises, the result of asymmetry of the economic potentials of the Islamic world. European continent continues to be attractive for the people of the Muslim religion.

Се до неодамна, државите членки на ЕУ повеќе беа загрижени околу проблемите со засилување на пограничната контрола на внатрешните граници на Европската Унија, отколку со судбината на оние имигранти кои веќе успеале да преминат од другата страна на ѕидот на „европската тврдина“. За тоа време, се поочигледно стана формирањето на миграцискиот слој население во ред европски држави и неговото влијание на општествениот живот на европските корени и, фактички, ги постави почетоците на процесот на трансформација на моно етничките европски општества во „културно плуралистички“ општества. „Непрекинатиот миграциски притисок го менува демографскиот состав на населението во земјите на Западна Европа, со што се формираат но-

ви „културно плуралистички" општества, што е непосреден доказ за мешање на цивилизациите".[1]

Европа, веќе одамна, е загрижена поради растот на имиграцијата на припадниците од муслиманската вероисповед, која се претвори во еден вид знак на криза, резултат на асиметријата во економските потенцијали на европските и исламските земји. Европскиот континент и понатаму ќе ја сочува својата привлечност за припадниците на муслиманската вероисповед. Како што е познато, растот на имиграцијата се потхранува од постојаното зголемување на популацијата на Блискиот и Средниот Исток, во Северна Африка, Јужна Азија и другите делови од муслиманскиот свет. Демографскиот дебаланс посебно е забележлив во Средоземноморјето. Од една страна, тој е предизвикан од осетното намалување на нивото на прираст на населението (средно 1.48 деца на една жена во 2003 година) во западноевропските држави на регионот[2] и со истовремено стареење на населението. Од друга страна, во земјите на јужното Средоземноморје високото ниво на прираст на населението доведува до значително зголемување на бројноста на населението на возраст до 20 години кое и го составува поголемиот дел од работната сила која не може или не сака да си најде примена во својата татковина и затоа оди во развиените европски земји.

Трудовата имиграција во Европа започна непосредно во годините после војната. Но, формирањето на муслиманските општини на територијата на Европа има многу вековна историја. Одделни случаи на продирање на муслиманско население на територијата на Западна Европа се случувале не еднаш, почнувајќи од раните средни векови. Се до средината на XX век, муслиманите во Западна Европа беа претставени „епизодно"- како познати гости со своите слуги, донесени од колониите, за кои во втората половина на XIX – почетокот на XX век беа изградени првите џамии.

И покрај тоа, што повеќето муслимани живеат потполно среќно во соседство со автохтоното европско население – се трудат на работа, ги задржуваат строгите фамилијарни традиции, не пијат жестоки пијалоци и не прават сериозни нарушувања на законот – нивното присуство на запад се повеќе се поврзува со некоја „закана" и се асоцира со растот на организираниот криминал, трговијата со оружје и наркотици

[1] Potemkina Olga YU. From the Barcelona Declaration to the Amsterdsam Treaty: changing of the EU Immigration Policy / Olga YU.Potemkina, Europe- The Mediterranean-Russia: perception of strategies, Moscow, 1998, p.165

[2] Eurostat's baseline scenario, December 2004, http://epp.eurostat.csc.eu.int/portal/page?_pageid

и за крај, со тероризам. Доста распространето помеѓу европејците е убедувањето дека растот на криминалот во европските градови е резултат на зголемувањето на количината на имигрантите, независно од тоа дали доаѓаат од источноевропските држави или пак од Црниот континент (северна и западна Африка), и ова доведува до појава на ксенофобија, религиозна и расна нетрпеливост кои неретко се влошуваат со појавувањето на националистички изјави од страна на одредени политички претставници. Загриженоста на локалното население со растот на имиграцискиот притисок непосредно се појавува на изборите, доведувајќи до неспорен успех на партиите кои ја користат националистичката реторика.

Локалните власти најмногу ги тревожи тоа, до кој степен имигрантите се вклопуваат во европската реалност и секојдневие. Проблемот не се состои во тоа, што муслиманите не и се поддаваат на интеграцијата во секуларното европско општество, а во тоа, што во определен момент тие дури и престануваат да се трудат да се вклопат во него. Во западноевропските градови се формираат крупни муслимански енклави, чии што живот се регулира со непишани закони, а населението фактички се наоѓа надвор од официјалната надлежност на земјата на прием. Тенденцијата кон компактно живеење се зголемува пропорцијално од растот на муслиманската имиграција. Јасно е дека поголемиот број од новодојдените се трудат максимално да си го олеснат своето постоење во странска земја, а животот во „својата“ општина им дава определено чувство на поддршка и помош.

Сето ова води кон тоа, што муслиманските имиграциони општества се повеќе се затвораат во својот сопствен свет, и нивното постоење наскоро станува самодоволно и концентрирано строго на потребите и интересите на својата општина, која по својата природа веќе е изолирана од европската реалност. Како што покажува праксата, на територијата на тие општини или на територијата на *гетото* – муслиманските приградски населби и квартали често неформално дејствуваат законите на Шеријатот. По зборовите на Жак Ширак, „основната линија на борба за национален идентитет проаѓа токму по териториите на затворените општества и квартали, од население од кое е многу тешко да се бара признавање на државните вредности, а камо ли пак осознавање на себе си како дел од дадената држава, во исто време кога тие живеат во

услови на физичко гето, каде што царува беззаконие или пак законот на најсилниот.“[3]

Затвореноста од властите на земјата на прием при тоа не претполага потполна изолираност од целиот свет. Активно учество во судбината на муслиманските општества на територијата на Западна Европа имаат многубројни меѓународни организации и фондови, создадени при непосредна поддршка на најкрупните земји експортери на нафта – Саудиска Арабија и Иран. Големо влијание на животот на муслиманите во европските земји имаат основните држави кои испраќаат имигранти, на чии што средства на територијата на комуните се градат домови за молење и се отвораат приватни школи, се укажува социјална и ако е неопходно медицинска помош.

Важна улога во распространување на исламот во Европа игра демографскиот фактор кој се изразува во брзиот раст на муслиманското население. Процентот на дел од муслиманите во Европа, од 1950 до 2000 година, пораснал од 1 до 3 %, а нивниот апсолутен број се движи од 14 до 20 милиони луѓе. Некои експерти дури изнесуваат претпоставки, дека до 2050 година муслиманите ќе составуваат третина или пак дури половина од општиот број на европејци. Значителен раст на муслиманското население се набљудува и во Франција (повеќе од 5 милиони), во Германија (3 милиони), Италија (околу 1 милион), Швајцарија (710-720 илјади), Холандија(730 илјади), Грција (повеќе од 500 илјади), Шведска и Шпанија (повеќе од 400 илјади), Белгија и Австрија (околу 300 илјади), Данска (околу 200 илјади).[4]

Потполно е јасно дека таквата поставеност на прашањето не може да не предизвика одбојност кај европските жители. Но французите, германците, италијанците, британците и скандинавците не треба да заборааат, дека така наречените „имигранти“ веќе одамна престанаа да бидат жители на одредено време или пак работници викнати од надвор – во сегашниот момент тие се претставници на нови етнички групи, за повеќето од кои Европа е втора или пак единствена татковина. Тие го претставуваат поголемиот дел од социјалната сила, чии интереси мора да се замаат предвид.

На овој начин Западна Европа, во некоја одредена мера, стана дел од исламскиот свет благодарение на милионите муслимани кои живеат во Западна Европа и на исламското културно влијание, чии што траги

---

3 http://www.elysee.fr/magazine/actualite/sommaire.php?doc=/documents/discours/2003/D031217.html

4 Малашенко А., Тень ислама над Еропой, Международная жизнь, №9, 2002г., с.97

можат да се најдат насекаде во европската култура, почнувајќи од најраните етапи на взаемно дејствие на христијанската и муслиманската цивилизација. Имиграцијата на муслиманите во втората половина на XX век довела до тоа исламот, фактички да стане втора по бројност религија во регионот. Земајќи го предвид забележителното зголемување на муслиманското население на Балканот, посебно на териториите на Босна и Херцеговина и Албанија, по мислењето на А. Малашенко, настапува времето на признавање на Исламот како автохтона религија на континентот.[5] И тука не се работи толку за имиграцијата. Исламот го прифаќаат автохтоните жители на Европа. Само во католичка Италија има околу 50 илјади лица кои ја прифатиле муслиманската вера и оваа бројка расте секоја година.[6] Токму оваа тенденција, која ги поткопува христијанските темели на Европа, дозволува да почне да се зборува за можната промена на идентитетот на Европа уште во следните 10 години и ги тера научниците положбата во врска со миграцијата да ја крстат „бомба со успорено дејство“.[7]

Големото зголемување на улогата на муслиманските општини во општествено политичкиот живот на европските држави се однесува на последните десет години од претходниот век. Се поочигледното присуство на муслиманите во Западна Европа поттикнува цел ред проблеми како од општ, така и од конкретен карактер кои државите членки се обидуваат да ги решат преку *политика на интеграција на имигрантите.*

Се разбира, дека секоја држава во Западна Европа има свои национални специфични особини кои се одразуваат на положбата на имигрантите во општеството и на односот на самото општество кон нив. Така, на современата положба на муслиманите во одделни земји на ЕУ сериозно влијание има колонијалната историја која не само што стана една од причините за имиграција од муслиманскиот исток во западноевропските земји во втората половина на XX век, туку во голем степен и го определи етничкиот состав на муслиманите во тие земји, односот на локалното население кон имигрантите и положбата на исти-

[5] Малашенко А., Тень ислама над Еропой, Международная жизнь, №9, 2002г., с.99

[6] Баутдинов Г. Станет ли Италия исламской страной? Независимая газета, 5 декабря 2002г, с.6

[7] Потемкина О.Ю. Основните тенденции современных миграционных процессов в Западной Европе: Проблемы политики и этносоциальной адаптации / Потемкина О.Ю., Грацинская Н.Н.Этнические проблемы и политика государств Европы., Москва.198г.С.41

те во западното демократско општество, како и изборот на стратегии на интеграциската политика во однос на имигрантите.

Важен фактор, кој влијае на перспективите на социјално културната адаптација на „новите етнички групи“ или „новите национални малцинства“, се средство на неутрализација кое се условува со постоењето на различни модели на интеграција на имигрантите во општеството. На овој начин, во Европа се имаат формирано три идеални модели на интеграција на имигрантите:

- *изолациски* – или *етнички* модел постои во оние држави, во кои нацијата се подразбира како форма на етничка заедница, имигрантите имаат ограничени социјални права, натурализацијата е основана на принципот „jus sanguinis“ (право на добивање на државјанство по потекло). Имигрантите во овој случај така и остануваат надвор од политичките процеси во земјата.

- *Републички модел* предвидува натурализација по принципот „jus solis“ (право на државјанство по местото на раѓање)

- *Мултикултурен модел* – претполага двојно државјанство, натурализацијата се одвива доста лесно и не претполага културна асимилација.

Во реалноста, во земјите на ЕУ има многу повеќе модели на интеграција. Но како и да е, сите останати модели се варијации на погоре наведените три. Во пракса, во европските држави, во текот на последните години, се забележува некое зближување по прашањата на натурализација во однос на мултикултурниот модел. Земајќи ја предвид етничката различност на европскиот континент, мулти културализмот се претставува како најповолен модел за развој на европското општество во рамките на ЕУ. Но, проблемот на интеграција на имигрантите се уште е далеку од решавање и постепено, тоа прашање станува основна пречка во ред европски земји.

Најјасно изразен мултикултурниот модел на интеграција на имигрантите е во Велика Британија. Во 1976 година во земјата бил одобрен закон за расни односи, според кој етничките групи кои живеат во Велика Британија формално се израмнуваат во правата и ним им се признава правото на културна различност, што послужи како културна основа на идниот мултикултурализам. Во текот на 80-90ите години овој модел се спроведуваше на национално и локално ниво преку образовни, станбени и социјални програми, иако со отпор од страна на европското општество. Несогласувањата помеѓу приврзаниците и противниците на мулти културализмот постојат до ден денес, при тоа среде противниците на мултикултурниот модел има приврзаници за аси-

милаторскиот и изолациониот модел. Но, официјалните британски власти промовираат мултикултурализам.

Принципот на мултикултурен живот активно го промовира и Шведска, иако и тука постепеното зголемување на бројот на бегалци и претенденти на политички азил на негативен начин се одразува на општественото мислење во однос на имигрантите.

Многу подраматична е ситуацијата во Франција. Овде, исто како и во Велика Британија, во голема мера се чувствуваат последиците на колонијалните империи со што се формира еден вид „имперski модел". Со него, граѓаните на бившите колонии се интегрирале во општеството со целосно еднакви права со француските граѓани. Но за разлика од Велика Британија, која навреме успеа да го преиспита својот став кон проблемот на интеграција на имигрантите, Франција остана приврзаник на својот асимилатиски „републикански" модел. Овој модел ги влече корените уште од времето на француската револуција која им овозможи еднакви услови на сите странци за добивање на француско државјанство, независно од нивната расна и етничка припадност, религиозни или други убедувања. Но, републичкиот модел не само што ги направи сите граѓани рамноправни, туку се стремеше кон фактичко израмнување на сите, што на пракса доведе до фактичка асимилација на сите имигранти кои дошле во Франција се до 60-70 ите години на претходниот век. Но, во ред случаи, асимилацијата на имигрантите почна да биде невозможна. Забележителното зголемување на бројот на имигрантите од муслиманските земји на Блискиот Исток и Северна Африка на територијата на Франција во последните десет години, растот на муслиманските приградски населби околу крупните француски градови, ја стави под прашање интеграциската политика на државата.

Кризата на асимилаторскиот модел во Франција и постепеното приближување кон културниот плурализам го најде својот отсјај во појавувањето на терминот „лазечки мултикултурализам" (creeping multicuturalism)[8], кој бавно, но сигурно се утврдува во свеста на повеќето Французи, посебно на оние, кои живеат во непосредна близина на муслиманските општини и секојдневно општат со имигрантите. Од друга страна, кризата на асимилаторскиот модел, воопшто, не значи почеток на формирање на мултикултурализам. Сериозна пречка е пред се, анти имигрантското расположение во земјата, како и бесмртниот принцип на француската револуција *laicite* (лаицитет), кој по мисле-

[8] Потемкина О. Сотрудничество в сфере внутренних дел и правосудия, Указ.цоч.С.212

њето на француската власт треба да го респектира секој дојден имигрант во Франција. „Принципот на секуларизам е впишан во нашите традиции и зазема централно место во републиканската идентичност на Франција. Во принципот на секуларизам, се сведени во едно и зацрепени нашите општи вредности, засновани на уважување, трпеливост и дијалог. Во Француската Република, на секој жител му е гарантиран однос со почит, ако тој, од своја страна, го почитува заедничкиот за сите закон“.[9] Овој закон од своја страна, претполага определено ниво на интеграција. Така, во француското законодавство се воведува поимот „интеграција во француско општество“, кое станува непосреден услов за добивање на жителство –картичка на резидент. Според новиот закон, после првите 5 години живеење со документи за времен вид на жителство, странците кои успешно се интегрирале во француското општество, можат да побараат постојано вид на жителство на рок до 10 години, што е најголемата гаранција за безбеден престој. При тоа, условите на интеграцијата ќе се оценуваат со земање предвид различни критериуми – знаење на државниот јазик и основните принципи на државното уредување на Франција, целта на долгорочното престојување (на пример на продолжување на професионална обука) и степенот на учество во општествениот живот. Оценката на степенот на интеграцијата се определува од страна на градоначалникот на локалната комуна, и после тоа се донесува решение за можноста за добивање на француско државјанство. Се комплицира исто така добивањето на вид на жителство со процедурата на соединување на фамилии. Картичката на резидент се добива само под услов на заедничко живеење во тек на две години, со услов на завршување на процесот на интеграција.

Последните години германскиот „изолациски модел“, основан на „jus sanguinis“, на некој начин претрпе одредени промени со тоа што се доближи до мултикултурниот модел. Во голем степен, тоа е поврзано со тоа, што во земјата почна да расте бројот на имигрантите од второ и трето колено, кои се родиле во Германија, но немале можност да станат државјани на оваа земја. Прашањето за реформа на политиката на интеграција и поставувањето на принципот „jus solis“ наместо „jus sanguinis“ неколку пати беше покренато во текот на 90-ите години. Во 1999 година со доаѓањето на владата на Г. Шредер прашањето за реформата повторно беше поткренато. Децата на имигрантите родени во Германија, добија можност за автоматско добивање на државјанство, ако еден од родителите во тек на 8 години легално престојувал во Германија. Бил скратен и неопходниот рок на живеење во земјата за доби-

[9] http://www.elysee.fr/magazine/actualite/sommaire.php?doc

вање на германско државјанство. Но за натурализација, имигрантите претходно требаа да докажат дека се откажале од претходното државјанство – двојното државјанство не беше дозволено на територијата на Германија. Како резултат, германскиот интеграциски модел, кој се помести кон мултикултурализам, стана нешто средно помеѓу францускиот асимилаторски модел и изолационистичкиот. Со стапување на сила на Новиот закон за имиграција во Германија во јануари 2005 година, беше официјално потврдена новата интеграциска политика која во себе вклучува задолжително посетување на јазичните и интеграциските курсеви како за имигрантите така и за странците кои живеат во земјата подолг период.[10]

Но животот диктира свои услови. Ниту асимилацискиот, ниту етничкиот модел на интеграција повеќе не одговара на реалноста – под притисокот на реалноста, двата модели се принудени да се менуваат во насока на културниот плурализам што доведува до постепено бришење на различностите меѓу нив. Целата комплицираност на примена на моделот на мултикултурализам на европска почва се состои во тоа што етничката и асимилаторската интеграција, или со други зборови „германскиот и француските модели на интеграција се создадени внатре, во општеството, биле родени од него, а мултикултурниот модел е дојден заедно со имигрантите, донесен е од надвор, што породува жестоко противење од страна на европското население",[11] се изразува во растот на религиозната и етничката нетрпеливост, а исто така во работата на различни криминални групи и во засилувањето на политичките позиции на ултра десните сили. Патот кон заедничкиот европски модел на интеграции се претставува како многу комплициран и болен, посебно имајќи го предвид фактот, што решавањето на толку деликатен проблем како интеграција на имигранти, во веќе оформен социјален слој на дадената европска држава, тешко може да биде регулиран на над национално ниво.

При тоа, одделните приоди кон стратегијата на интеграција на новите национални малцинства, сепак се разработени во рамките на Европската Унија.

Основните стратегии на ЕУ во областа на интеграција на имигрантите беа разработени уште на самитот на ЕУ во Темпера во 1999 година. Најважен приоритет во општата политика на ЕУ во сферата на имиграцијата и азилот, заедно со партнерството на земјите на емигра-

[10] Дамаскин О.Новые правила иммиграции и интеграции в Германии, Обозреватель-Observer, 11/2004, С.100

[11] Потемкина О. Сотрудничество в сфере внутренних дел и правосудия, м.2001, С.213

ција, создавањето на заедничкиот европски систем на азил и по ефективното управување на миграциските текови беше признаено, исто така фер односот кон граѓаните од третите земји. Ова, претпоставува неопходност на спроведување на поенергична политика на интеграција на странците, доделување на исти права и обврски, како што и оние кои се граѓани на ЕУ, како и борба со расизмот и ксенофобијата, со сите форми на дискриминација на странците во сите форми на општествениот живот.

За достигнување на овие цели, важно било зближувањето на законодавствата на државите членки на ЕУ во однос на условите за влез и живот на граѓани од други држави, се разбира со земање предвид на можностите на државите на прием, нивните историско културни врски со земјите на потекло на имигрантите. Првостепена задача е да се признае неопходноста на унификација на правата (а поточно правото на живеење, наоѓањето работа, добивање на образование итн), на странците кои веќе се наоѓаат во ЕУ под законски услови или имаат постојан вид жителство.

Основните односи заедничката европска стратегија за интеграција, ја добија својата официјална поткрепа во Директивата на Советот на ЕУ од 2001 година за статусот на државјаните на третите земји, кои подолго време живеат во една од земјите на ЕУ.[12] Фактички, со оваа директива беа поткрепени основните права и обврски на сите странци кои легално живеат на територијата на таа или онаа земја на ЕУ, со исклучок на определени категории лица кои се наброени во член 3 од дадениов договор. Во Директивата се пресметани роковите на живеење, неопходни за добивање статус на резидент, условите на прекинување на статусот, можноста за покана на роднини и членови на фамилијата и нивното соединување кон легалниот роднина. По дадената Директива, соодветен статус ќе му биде доделен на имигрантот по пет години живеење во некоја земја од ЕУ. Главниот новитет на директивата се состои во давање на права и слободи на движење, на работа, образование и социјално обезбедување. Но, при тоа директивата содржи некои клаузули како на пример – секоја држава на ЕУ може да го обезбеди бројот на имигранти кои го користат правото на слободно движење во соодветност со системот на квоти, на основа на државното законодавство. На имигрантите исто така може да им биде затворен достапот во определени гранки на економијата соодветно на ситуацијата на пазарот на трудот на било која земја на ЕУ, истото се однесува кон можностите

[12] Council Directive 2003/109/EC[adoption consultation CNS/2001/0074] concerning the status of third- country nationals who are long-term residents OJ L 16 of 23.01.2004

за социјално осигурување. На тој начин, долго очекуваното право на слобода на движење за имигрантите испадна многу стеснето.[13]

Но, без оглед на важноста и практичното значење на тој документ, во текот на последните четири години од моментот на прифаќање на директивата фактички истата не се применуваше.

Одреден напредок во однос на ова прашање беше направен есента 2004 година, кога во рамките на ЕУ беше донесена „Хашката програма“, на која една од задачите и беа признавање на неопходноста од *заеднички европски стандарди за интеграција на имигрантите во земјите на имиграција.*[14] Во сверата на интеграција на мигрантите заклучено е дека има потреба од неопходен повисок степен на координација на националните политики во процесот на интеграција и општите основни принципи кои ја определуваат усогласената европската нормативна база за интеграција. Во јуни 2007г., Европската комисија го претстави Вториот годишен извештај за миграцијата и интеграцијата (SEC (2006)892) кој претставува преглед на миграндските трендови во ЕУ преку анализирање на измените и преку опишување на дејствијата кои биле преземени во однос на влезот и интеграцијата на имигрантите како на државно така и на ниво на ЕУ во 2004г. Во септември 2005 Европската Комисија изработи „Заедничка агенда за интеграција – рамковна програма за интеграција на државјани на трети замји во ЕУ“ (COM(2005)892). Овој документ дава нови предлози за акција како на ниво на ЕУ така и на национално ниво. Државите членки се охрабрувани да ги зајакнат своите напори со цел да изработат национални стратегии за интеграција.

Значењето на Хашката програма, во процесот на интеграција на имигрантите во сите сфери на живот во ЕУ, има голема тежина не само поради фактот што укажува на проблемите и на начините на нивното решавање, но и поради самиот пристап кон поставените задачи. Во однос на интеграцијата, Програмата се обраќа конкретно кон еднаквите можности на мигрантите, а не само на фер односот како што на пример тоа се прави во Тампере програмата. Европскиот Совет, кој се состои од претседателите и премиер министрите на сите земји членки, пробува да да ги координира државните политики и иницијативите на ниво на ЕУ. За тоа да биде возможно,Советот има создадено Основни заеднички принципи кои појаснуваат како интеграцијата, „како еден процес во две насоки помеѓу граѓаните и имигрантите и одбратно, тре-

[13] http://www.aes.org.ru/show.php?doc=88
[14]http://www.aes.org.ru/show.php?doc=231

ба да се одвива".[15] Како дел од ова ќе бидат и веб-сајтови каде и државјаните на ЕУ и новите жители на Европа ќе можат да се информираат и да разменуваат информации и искуства.

На измените во миграциската политика на ЕУ имаше влијание и конференцијата на министрите за надворешни работи и правосудство во Хрониген, која поминала на почетокот на ноември 2004 година во Холандија. Средбата била посветена на социјално културната интеграција на легалните имигранти кои живеат во ЕУ. Голем плус било тоа, што Комисијата решила да се посвети на овој проблем, без оглед на тоа, што легалната имиграција се наоѓа во компетенција на националните држави. Одлуката на Комисијата, при тоа, не е со цел да се меша во сферата на националната компетенција на државите членки на ЕУ.

Во рамките на ЕУ, сосема правилно, сметаат дека „слични тешки одлуки покорисно е да се преземаат на национално или пак локално ниво. Најважно е решенијата кои се носат во секоја земја, одделно, да не го нарушуваат општествениот поредок и основните права, како на странците, така и на локалното население".[16] При тоа, прашањата за добивањето на државјанство и формата на интеграција на имигрантите се последниот бастион на суверенитетот, од кој во следните 10 години европските држави тешко дека ќе сакаат да се откажат. И повеќе од тоа, прашањето се состои во – колку е тоа неопходно? Над националното регулирање на прашањата на пограничната и предграничната соработка во сферата на борба со нелегалната имиграција, формирањето на општата миграциска политика и изедначување на процедурата на добивање на азил, се потполно оправдани одговори на незаконското влегување во територија на државите членки на ЕУ. Што се однесува до интеграцијата, од страна на многу научници а и од самите европски политичари „хармонизацијата на политиката на интеграција и во рамките на целата ЕУ се разгледува како некаква утопија, чие претворање во реалност нема никаква неопходност".[17] Нестандардизираниот приод кон толку деликатен проблем, повеќе би довел до дополнителни проблеми отколку до упростување на процесот на интеграција.

---

[15] http://www.migrationinformation.org/Feature/display.cfm?ID=276

[16] The economic and social aspects of migration. Synthesis report by Prof.Muus P.Malmo University, Sweden, Joint European Commission /OECD Conference, The economic aspects of migration, Brussels, 21-22 January 2003.

[17] Potemkina O.From the Barcelona Declaration to the Amsterdam Treaty: changing of the EU Immigration Policy/ O.Potemkina, Europe- Mediterranean – Russia: perception of strategies. Moscow, 1998. P.171

По се, изгледа дека само на национално и на локално ниво може да биде најдено правилно решение, соодветно на националните потреби на државата и општеството. На истиот начин треба да се донесуваат решенијата за бројот на имигрантите, кои одредената европска држава е подготвена да ги прими. По зборовите на Антонио Виторино „над националните органи не смеат да дозволуваат директиви во однос на бројот на имигрантите, кои можат да ги примат националните пазари на трудот и самото општество... Само државната власт, заедно со претставниците на локалната администрација, можат да знаат во однос на тоа, до кој степен општеството е спремно да го прими ова или она решение во сферата на интеграција на имигрантите“.[18]

[18] Antonio Vitorino, European Commissioner, Lungescu O., Europe’s immigration vision 2001/07/11, http://news.bbc.co.uk/1/hi/in_depth/35161112.stm

*д-р Весна Станковиќ Пејновиќ*
*Д-р на политички науки*

# РЕВИЗИЈА НА ЛИБЕРАЛНИТЕ НАЧЕЛА КОН НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

**Abstract**

This new, liberally pluralistic approach is significantly different from the usual liberal understanding, which is 'radically liberal' and according to which ethno-cultural diversity is considered on the individual, private level and is not publicly supported in the form of minority rights and multiculturalism. Minority rights are based in the liberal theory which recognises the value of cultural belonging and the justice in the special demands of minorities. According to the liberally-pluralistic principle, the key precondition for a stable and just democracy is the public statement and institutionalization of ethno-cultural diversity.

Со оглед на длабоко прифатеното сфаќање, либерализмот изворно се спротивставува на било каква заштита на посебни групни права. Со други зборови традиционалната претпоставка на либерализмот е дека почитување на индивидуалната автономија не дава политичко признавање на културен идентитет. Поединецот се смета како ултимативна единица на морална вредност затоа што поседува морален стандард кој е во него самиот, како „самогенеративен извор на исправни побарувања“[1] и одреден тип на егалитаризмот – секој поединец има еднаков морален статус, па затоа властите го третираат како еднаков, со еднакво уважување и почитување.[2]

Меѓутоа потребно е да се прошират аргументи на современите авторитети на либерализмот против различните облици на нееднаквост на поединецот. На тој начин се оправдуваат посебни права на малцинските групи чии членови поднесуваат културна нееднаквост. Либерализмот не само да може да отвори простор за силен мултикултурали-

[1] Rawls, J., „Kantian Constructivism in Moral Theory“, *Journal of Philosophy,* sv 77, 1980, 53.
[2] Dworkin, R., „In Defense of Equality“, *Social Philosophy and Policy*, sv 1; Rawls, *A Theory of Justice*, 511.

зам во вид на културни права, туку и го налага во ситуација на културна нееднаквост. Поединците мора да имаат највисок морален статус, а власта секого треба да го почитува како еднаков, а либералите бараат за секој поединец еднаква права и овластувања.

Стандардно либерално сфаќање на малцинските права е врзано за дискриминација или/и повластица. Таков облик на право кој е врзан за посебна група внатре во заедницата е потребно да се сфати како битна компонента на либералната политичка пракса, а не како натпреварувач на либерализмот.

Општ проблем со кој се сочуваат сите трајни политички малцинства е проблем на стекнување на правичен удел. Барање за посебни права или ресурси е втемелен во различност на изборот или нееднакви околности. Еден од темелите на одбрана на правата на малцинствата може да се најде во нееднакви околности, што е во спротивност со либералната теорија на правдина.

Според либерализмот, власта ги третира луѓето како еднакви, со еднаков пристап и почитување, осигурувајќи му на секој поединец слобода и ресурси потребни за повторно преиспитување и дејствување ви согласност со тие уверувања. Ова барање е темел на современите либерални теории на правдина.

Основните права и слободи и нивниот приоритет им гарантираат на сите граѓани еднакви социјални услови за напредок и развиток на нивните морални способности – способноста за чувство на правда и способноста за разбирање на доброто. Со чувствување на правда граѓанинот го применува чувството за правда на основната структура на општеството, а со способноста за примена на граѓанските моќи на практичен разум и мислење се формира, менува и спроведува нивното сфаќање за добро. *„Еднакви политички слободи, заедно со нивната непристрасна вредност и слобода на мислење, слобода но совеста и слобода за здружување, треба да обезбедат развиток на моралните моќи да биде слободен во двата случаи“.*[3]

Теоријата на општествен договор на Лок, Русо и Кант, Ролс ја донесува на повисок ниво на апстракција. Тој ги нагласува главните структурални црти на алтернативното сфаќање на правда кое е имплицитно назначено во договорната традиција. Тој го втемелува своето мислење врз тоа сфаќање. Вака сфатена правдата е најпримерен основ за демократско општество.

[3] Rawls, J., *A Theory of Justice*, 8.

Со користење на начелото на праведност Ролс[4] стреми кон заштита на културата на слободата за која смета дека е предуслов за неговата теорија. Тејлор[5] и Дворкин[6] го подржуваат такво размислување. И двајцата сметаат дека способноста за обликување на добар живот бара расправа која ќе ги одреди и појасни алтернативите пред кои се наоѓаме, односно присутноста на луѓето кои се обидуваат да ја оживеат културата на минатото или кои ги подржуваат културните иновации. Тоа се општествени услови нужни за поединците како би добиле слобода на избор која ја пропагира либерализмот.

Либералите го увидуваат значајот на должноста во пропагирање и заштита на такви општествени услови и тие должности ги прифаќаат затоа што ги пропагираат, а не ги оспоруваат целите на либералната политика. Значајот на тие должности ги истакна и другиот либерал, Џозеф Раз.[7] За разлика од Дворкин и Тејлор тој смета дека власта не може да ги исполни таквите обврски без да го наруши средишното начело на неутралниот интерес. Власта не би смеела да ја искористи супериорноста или инфериорноста на било чиј концепт на доброто како причина на државно дејствување. Тој нагласува дека јавната поддршка на културната структура е значајна за сите луѓе и сите треба да ја подржуваат, без оглед на нивните различни разбирања за добар живот.

Бидејќи либералите веруваат дека властите треба да ги третираат сите поединци еднакво, праведноста бара да на секој поединец му се осигури слобода и ресурси кои се неопходни за испрашување и дејствување согласно нашите уверувања за вредности. Либералното општество е правно општество, уредено според начелата на правдина. *„Праведноста ги исправува недостатоците во општествена координација, но тие недостатоци се неискоренлива одлика на општествениот живот, но на тој начин подеднакво се изразува почитување кое им се должи на поединците како на цели сами по себе, а не како на средства за нечие добро или уште повеќе за заедничко добро“.*[8]

Либерален концепт на праведност се темели на апстрактна егалитарна платформа. И за Ролс и за Дворкин интересите на секој граѓанин заслужуваат еднакво уважување на две општествени нивоа: на економскиот пазар и во политичкиот процес на мнозинската власт. Но без посебно одредени законски регулативи, пазарна економија и политички

[4] Исто, 331, 441-442, 522-520.
[5] Види Taylor, Ch., „Philosophical Papers”, sv.2, *Philosophy and the Human Sciences,* Cambridge University Press, Cambridge, 1985.
[6] Dworkin, R., *A Metter of Principle*, Harvard University Press, London, 1985, 229-232.
[7] Raz, J., *The morality of freedom*, Oxford University Press, 1986, 162.
[8] Kymlicka, **W**., *Liberalizam, zajednica i kultura*, Deltakont, Zagreb, 2004, 131.

одлуки на мнозинството, малцинските групи губат или се надгласани во прашањата кои се клучни за опстанок на нивната културна заедница.

Либералната правдина е издржан политички морал за управување со нашите политички институции и пракси. Изразува прифатлив и посакуван концепт на заедницата, увидува дека припадноста на културната заедница е битен елемент на нашиот развиток и избор, а во исто време го почитува стремежот кон самостојност. Таа согледува еднаквост на припадниците на заедницата, во приказ на правдина, без да ги присилува луѓето да бараат тоа што им припаѓа на штета на другите луѓе. Индивидуализмот кој се наоѓа во темелот на либерализмот не и штети на нашиот општествен карактер или на нашата заедница. Многу од политичките институции на либералната демократија го имплементираат во себе концептот на правдина и праведно општество.

Меѓутоа, важно е да се нагласи дека либералите кога мислеа за граѓански еднаквости и слободи претпоставуваа дека сите живеат во единствена заедница. Тие не согледуваа два аспекта на заедницата. Еден, политички во кој сите поединци користат права и одговорности кои произлегуваат од либералната праведност зошто сите се сограѓани живеат во иста политичка заедница, а го занемаруваа другиот, културен. Во културната заедница поединците ги обликуваат и ги ревидираат своите цели и амбиции. Луѓето во истата културна заедница ја делат културата, јазикот и историјата која ја одредува нивната културна припадност. Таквата разделба може да се посматра и како два аспекта на иста заедница. Политичката заедница може да се преклопува со културната заедница, како е предвидено во националната држава, а тоа имплицитно го претпоставува поголемиот дел на современи политички теории. Но тие два облика на заедницата не мора да се поклопуваат. Политичката заедница може да содржи две или повеќе групи на луѓе со различита култура, јазик и традиција. Таквата слика наоѓаме во мултикултурна држава, односно во културно плуралистички држави.

Припадниците на мнозинскиот народ го добиваат сето она за што малцинствата мора да се изборат. Тоа е важна нееднаквост и ако се занемари се претовара во неправда. Посебен политички статус може да ја исправи таа нееднаквост како гарант на сигурноста на малцинските заедници и еднаквост со мнозинската нација. *„Потребни се политичките права кои ќе ги отстранат нееднаквостите во контекст на избор кој престанува пред луѓето за било што да се одлучат“.*[9]

[9] Исто, 191.

За осигурување на еднаквост не се доволни програми на привремени афирмативни акции, туку се потребни групни права. Врз темел на таа претпоставка, правата на малцинствата може да прават значаен дел на препознатлива теорија на еднаквоста. Правата на малцинствата ја осигуруваат положбата во која припадниците на малцинската култура ќе имаат пристап кон сигурна културна структура во која ќе ја имаат можноста за избор, па ќе можат да ја пропагираат културната еднаквост. Ако културната еднаквост ја сфатиме како примарно добро кое е темел на нашите избори, очевидна е потребата за посебни политички права и статус за малцинска култура. Во хомогено општество контекстот на избор, како вид на јавно добро, е достапен на сите. Кога е збор за културно плуралистички општества, таму е заштитата на контекстот на избор посебен извор на политички права.

Постојат политички и филозофски причини за покушај на одбрана на малцинските права во либерализмот, а не против него. *„ Во тоа лежи прилика за истражување на културната припадност и за либералите постојат значајни политички разлози за одбрана на правата на малцинствата.“*[10]

Иако културната припадност е значаен дел на либералното стремење за автономија на индивидуа, либералните теоретичари не го сметат за примарното добро. Ролс не посветува внимание на човечко дејствување во рамките на културен контекст. Тој го усвојува аргументот за слобода на Мил кој се ослонува на фактот дека нашиот личен развој зависи од културната структура околу нас Rawls, J., 209 – 210

Дворкин го истакнува значењето на културната структура која обезбедува услови потребни за донесувањето на конструктивни одлуки. За Дворкин *„средиште на културната структура на заедницата е заеднички јазик“*,а *„ја наследуваме културната структура и имаме одредени должности, заради самата праведност, да ја зачуваме таа структура барем подеднакво богата како што и сме ја затекле“*.[11]

Од таквиот став може да се заклучи дека Ролс и Дворкин, како и поголемиот дел политички теоретичари од нивно време тргнуваат од претпоставка дека политичката заедница е идентична со културната заедница. Културната припадност е примарно добро во културно хомогени земји, но само како вид на јавното добро кое е достапно на сите, а не е извор на различни побарувања на посебни права. Иако и двајцата го увидуваат значењето на заштита на културната структура, сепак го отфрлаат тврдењето дека е потребно да се заштити посебен карактер на

---

[10] Исто, 157.
[11] Dworkin, R., *A Metter of Principle*, Harvard University Press, London, 1985, 230, 233.

културата. На имплицитен начин ја признаваат културната припадност како примарно добро, но на експлицитен начин не и признаваат статус претпоставувајќи дека во секоја политичка заедница постои само една таква културна структура.

Заговорниците на либерализмот го намалуваат значењето на припадноста на културната заедница во контекстот на избор. Ролс смета дека во праведно општество самопочитта е гарант на нашето уважување како еднакви граѓани, а тоа очигледно не е културната заедница. (Rawls, J., 544 – 555)

Според Кимлицка, културната припадност е значајна за разбирање на примарното добро. Во развивање на теорија на праведноста би требало пристапот кон културата да се третира како нешто што може да се очекува дека луѓето го сакаат без оглед на своите посебни концепции на доброто.[12]

Како што истакнува Ролс, во одлучувањето како ќе ги живееме нашите животи, не започнуваме de novo, туку живееме спрема *„дефинирани идеали и форми со кои се развиваа и живееја многубројни единки, понекогаш и генерации.“*.[13]

Според овој аргумент, нашите култури даваат неброено многу можности на избор. Кимлицка смета дека припадноста на културата е нужна за вистинско живеење на добар живот, додека можностите на самото рационално делување се развиваат само внатре во културата. Кимлицкаа исти така смета дека обезбедувањето на културната припадност е примарно добро, што е и евидентно кај единката кога нејзината култура е уништена, а обезбедувањето на индивидуалното делување зависи од обезбедувања да се партиципира во културата.[14]

За Портер *„истакнувањето на етнички разлики е чекор station наназад во однос на либералното сфаќање на единство на човештвото“*. Либерализмот ги третира поединците како еднакви граѓани, без оглед на расна или етничка припадност. За него правата на малцинствата се не само *„ назадни, него и за жалење“*.[15]

Критика на либерализмот од страна на Потинг и Гибинс[16] се темели на тврдењето дека поединците се дел на општеството независно

[12] Kymlicka, W., *Multicultural Citizenship, Liberal Theory of Minority Rights,* Chardon Press, Oxford, 1995,110.
[13] Rawls, J., *A Theory of Justice*, 563.
[14] Види Murray, R., „Liberalism, culture, aboriginal rights: in defence of Kymlicka“, *Canadian Journal of Philosophy*. Volume 29, number 1, 1999.
[15] Porter, J*., Ethnic Pluralism in Canada*; Glazer N. I Moynihan D*., Ethnicity, Theory and Experience*, Harvard University Press, Cambridge, 298 – 303, 1975
[16] Ponting, J. I Gibbins, R., *Out of Irrelevance,* Toronto, 1980, 330.

од културната припадност. За Шварц[17] токму тој аспект е доблест на либерализмот затоа што не ги гледа преку призма на одредена историска заедница.

Ако ги гледаме правата на малцинствата од таква гледна точка се чини дека либерализмот не може да ја даде поддршката за одбрана на малцинските права. Меѓутоа, многу е важно да се наспомене дека тие либерали размислуваа под влијание на околностите кои произлегоа од војната. Либералите кои живееја во 19. и на почеток на 20. век размислуваа на друг начин. Мил, Грин, Хобхаус и Дјуи нагласуваат значение на културната припадност за индивидуалната автономија, па заради тоа на друг начин го разбираат истакнувањето на културната припадност.

Дјуи[18] укажува на значење на припадноста на заедницата, но и на значење на свеста за заедништво која се темели на културната припадност. Грин смета дека важен дел на единството кое е потребно за добро општество потекнува од *„заедничко живеалиште, од заеднички традиции и обичаи до заедничко чувство за размислување кој е темелен на заеднички јазик“.*[19]

Хобхаус подеднакво ги велича „повисоките заедници„ кои поседуваат *„заедничко чувство за припадност и заеднички интерес“.*[20] Мил нагласува важност на „ чувство за национална припадност“. Тоа чувство го обликуваат многубројни причини, а *„најсилен е идентитетот на политичкото минато: поседување на национална свест и заедничко сеќавање, колективна гордост и понижување, задоволство и каење.“.*[21] За Мил заедничка културна припадност е предуслов, а не спротивставување на индивидуалната слобода.

За Мил, Грин, Хобхаус, Дјуи, човечката слобода е поврзана со свеста за заедничка културна припадност. За сите тие мислители вредноста на слободата на поединецот е од примарна важност, како и на сите други либерални мислители пред и по нив. Сепак, тие го увидуваат значењето на културната припадност за функционирање на добро уредено и праведно општество па затоа и на друг начин го разбираат легитимитетот на посебните мерки за малцинствата.

Хобхаус ги гледа проблемите на малцинската нација како нешто што на државниците им е најтешко да го решат. Постојат различни на-

[17] Види Schwartz, B., *First Principles, Second Thoughts: Aboriginal Peoples, Constitutional Reform and Canadian Statecraft,* Montreal, 1996.
[18] Види Dewey, J. *The Public and its Problems*, London, 1928.
[19] Green, T.H., *Lectures on the Principles of Political Obligation*, 1941, 130-131,
[20] Hobhouse, L.T., *Social Development: Its Nature and Conditions*, London, 1966, 41.
[21] Види Mill, J.S., Mill on Bentham and Coleridge, (ur). Leavis, Chatto and Windus, London, 1962.

чини за исполнување на легитимното барање на припадниците на малцинството за културна заштита, но *„тоа секако не се постигнува со еднакви граѓански права. Помалата нација не сака да биде само рамноправна со другите. Таа се залага за сопствен живот“.*[22] Најголем проблем кој треба да го реши модерната држава, ако сака да се одржи, е да пронајде место за националните права во внатрешноста на единството на државата, па да ја овозможи националната разновидност, а притоа да не се наруши заедничката организација на животот. Хобхаус и либералите од неговото време сметаа дека граѓаните се дел на политичката, но и културната заедница, и тамо каде што постојат културни малцинства еднаквоста на граѓаните мора да се одреди поблиску. Денешните либералите не го застапуваат повеќе таквиот став.

Расправите на Ролс и Дворкин се под влијание на по воено либерално опкружување. Пред II светска војна прашање за малцинската култура и нејзината заштита беше од најголем значај за Лигата на народите. По неуспехот на Лигата на народите, вниманието се свртува на „човечките права“ кои треба да се обезбедат на поединецот како поединец без оглед на културната припадност. Во периодот пред војната, либерализмот ја гледаше својата победа и доблест во тоа што Лигата на народите обезбедуваше посебен политички статус за малцинствата во мултинационалните земји на Европа. По војната давањето на посебен политички статус на малцинствата се прикажува како предавство на либералните идеали затоа што не може да се допушти поединецот да се третира по етничка, расна или групна припадност. Меѓутоа, потребно е таквото мислење да се согледа на друг начин. Власта која дава посебни права на припадниците на малцинската заедница и понатаму ги третира тие поединци како поединци. Како припадниците на малцинските заедници немаат еднаква достапност до својата културна заедница како припадниците на мнозинскиот народ, треба да се исправи таа нееднаквост со колективните мерки. Со обезбедување на колективните права се овозможува третирање на поединците како еднакви.

[22] Hobhouse, L.T., *Social Development*, 299.

*м-р Љубен Тевдовски*
*Политички аналитичар*

# КУЛТУРНА ДИПЛОМАТИЈА НА СОЕДИНЕТИТЕ ДРЖАВИ – ПОВТОРНОТО ПОЈАВУВАЊЕ НА БИТКАТА

*Сликата за нашата земја САД преставува монтажа од нашата надворешна политика, брендовите со кои тргуваме и средината која ја извезуваме. Исто така, може да се нарече и коктел Рами (Rummy), Рамсфелд секретарот) и Кока кола, притоа имајќи ја Мадона на една-та страна.*

Кејт Рајнхард, претседавач,
ДДБ ширум светот, Претседател,
Бизнис за дипломатско дејствување

**Abstract**

This creative allusion brilliantly summarizes the contemporary image and some major national interests of the United States of America, as well as their foreign policy priorities. But most of all, it explains in most simple words the wide and complex form of contemporary cultural diplomacy that the United States are practicing today.

This complex concept mainly articulated as 'propagation of American culture and ideals around the world,[1] is managed through vivid and maximally decentralized system that tends to integrate the interests, energy and capacities of the diverse and strongly developed layers of the American society.

Thus, the American cultural diplomacy today is represented by the efforts of the different governmental departments and government-funded agencies, gravely balanced with the continuously escalating influence of many U.S. corporations and non-governmental organizations, and the numerous cultural messages that they are conveying to the world. Furthermore, it is evident that the strategies and actions of the American

[1] Ibid.

private-sector, functioning beyond the sphere of governmental policies, in various fields, like movies, music, or recording and broadcasting industry, are major transmitters of the U.S. images, symbols and ideas abroad, and have significant impact on the international attitudes towards the country.

In the same time, the cultural products, as well as their marketing and branding, are esteemed and highly profitable industries, and as such they represent significant element of US foreign interest and are integrated in all foreign policy strategies. Furthermore, the high competitiveness of these products and brands, together with the capacities of US global corporations and media are perceived as important aspect of the American leadership in the world.

Креативната алузија брилијантно ги сумира современата слика и некои од националните интереси на САД, како и нивните приоритети во однос на надворешната политика. Но сепак најмногу од се, со нај-прости зборови ги објаснува огромните и комплексни форми на современата културна дипломатија која што денес САД ја практикува.

Комплексниот концепт во главно произлезе како „пропагирање на американските идеали и култура низ светот", притоа менаџирана со јасен и целосно децентрализиран систем кој се стреми да ги интегрира интересите, енергијата и капацитетите на разновидните и високо развиените слоеви на американското општество.

Притоа, денес американската културна дипломатија е претставена преку напорите на различните владини сектори и агенции, сериозно балансирани со постојаното интензивирање на влијанието на доста фирми и невладини организации од САД, како и големиот број на културни пораки кои истите ги пренесуваат и шират во светот. Јасно е дека стратегиите и дејствијата на американскиот приватен сектор, кои функционираат над сферата на владините политики, во најразлични полиња, како филмови, музика или пак снимање и емитување индустрија, претставуваат основни и најголеми трансмитери на сликите за САД, симболите и идеите ширум светот, истовремено имајќи значајно влијание на меѓународните ставови кон земјата.

Истовремено пак, културните производи како и нивното рекламирање и брендирање се ценети и доста профитабилни индустрии, и како такви преставуваат значаен елемент на надворешните интереси на САД и истите се интегрирани во сите надворешни политички стратегии. Високата конкурентност на овие производи и брендови, заедно со

капацитетите на американската глобална корпорација и медиум се прифатени како важен аспект од американското водство во светот.

Оваа почитувана традиција на „пропагирање на американската култура и идеали во светот", своите корени ги наоѓа во американската културна дипломатија од периодот на Студената војна. Во овој период со станувањето на светска веле сила и лидер на северно-атлантската алијанса, во текот на војната САД мораше да владее со културната дипломатија како и со дипломатските стратегии, притоа истите претставувајчи значајни алатки за човековиот ум.

Во периодот на студената војна САД инвестираше доста во развојот на оригиналните стратегии и културната дипломатија, кои беа значајно искористени и поддржани од огромната бирократија на Вашингтон и широката мрежа низ целиот свет.

Така на пример, институции и иницијативи како „Американска куќа" центрите, Американски корнери, Американски студија и библиотеки беа изложени и поделени на американските вредности надвор и посебно помеѓу земјите партнери. Истовремено, критичните форуми на артистите, интелектуалците и џезот и блуз музиката беа емитувани преку Гласот на Америка и Радио слободна Европа/Радио слобода, кои донесоа надеж и сништа за многу дисидентски лидери на Источниот блок.

Како дополнување, посебно успешни беа програмите кои овозможуваа културни и образовни размени. Различни посети за и од САД на новинари, доктори, научници, музичари, пејачи и изведувачи, како и студенти, спортисти и политичари претставуваа ретки и незаменливи човекови и културни врски, со цел да го прикажат динамичниот и емотивен живот на американската слобода и демократија. овие размени креираа идни лидери кои што и понатаму ја развиваа соработката помеѓу западните демократии, и оние кои ја прифатија слободата „по падот на Берлинскиот ѕид" .

Оваа надвореша политика на САД триумфираше во Студената војна и ослободи многу општества од теророт на тоталитарниот комунизам. Оттука, овие политики и нивното значајно истакнување во областа на културната дипломатија се високо вреднувани помеѓу професионалците и стратезите на надворешни политики и јасно може да бидат илустрирани со зборовите на Јеил Ричмонд, во неговата книга Културна размена и студената војна:

*„Во периодот помеѓу 1958 и 1988 околу 50 иљјади жители од Советскиот сојуз го посетија САД преку различни програми за размена ... дојдоа, видоа (и) беа победени.....“*

Сепак, по завршувањето на Студената војна културната дипломатија на САД помина низ неколку посериозни промени и реформи. Јавните политики и владиниот фонд во оваа област беа драстично намалени. Сето ова значеше затварање на повеќе странски програми, и отпуштање голем број професионалци вработени и високо компетентни агенти. На крајот процесот доведе до затварање на Информативната агенција на Соединетите американски држави, единствениот државен орган, со капацитет и мандат за централна координација на државните политики во областите на јавната и културна дипломатија.

Во декадите по Студената војна американската кутура се движеше цврсто кон позиција на слободна и глобална размена на идеи и добра. Идејата позади овие реформи беше базирана на основната концепција на западните општества, каде што концептите на демократија и слободна трговија станаа универзална вредност и систем на глобална интеракција. Во овие случаи, развиениот и конкурентниот бизнис сектор е оној што го има водството, потоа следува граѓанскиот сектор кој силно се завзема за американските идеи и идеали на слободата и демократијата.

Сепак, додека овој ново отворен концепт покаже значајни економски резултати и воедно ги поддржи интересите на американските компании и граѓани, во однос на подолготрајни прашања донесе само недоверба и драматична реакција.

За несреќа, во зорите на новиот милениум САД се соочи со агресивен отпор во светот, како и на своја почва. Новите непријателски и екстремно насилни муслимански идеологии ги предизвикаа дури и им се заканија не само на националните интереси на САД туку и на сите перспективи, верувања и идеи на нивните жители, како и на сите разумни луѓе низ светот.

Во стремежот за соединување на демократскиот свет со цел да се одговори на глобалната закана за тероризам, во последната декада САД мораше да се соочи со фактот дека некаде на патот кон промените ја загуби енергијата на многу од своите сојузници. Силниот анти – американизам во јавното мислење на некои Европски и Јужно Американски држави зедно со долготрајната недоверба со недемократските сили Русија и Кина беше преголем и распространет отпор во светот.

Истовремено истото претставуваше и вистински повик на будење на Владата на САД.

Многу аналтичари пробаа да ја следат оваа негаитвна слика во агресивните ставови на американските производи и бизниси, како и некои помалку јасни и унилатерални политики на САД, воедно како дел на нивниот мандат и одговорност за глобално лидерство во периодот по Студената војна. Сепак, не постои јасен доказ дека еден од овие фактори го имал главниот удел во ново настанатите предизвици.

И покрај тоа, она што е евидентно е, дека, хуманото лице на САД драматично избледува, и скромното културно присуство речиси беше избришано од личните и колективните мемории на многу луѓе низ светот. Масивната, доста нападна и комерцијално ориентирана култура на компаниите, како и агресивното лобирање на граѓанските групи е закана за стереотипизирање на американското општество во целина. Едностраните, профитабилни и многу често себични мотиви на овие организации сериозно и наштетија на сликата на САД и притоа го загрозија кредибилитетот на глобалното лидерство на САД.

Токму поради ова извештајот на Советодавната комисија за културна дипломатија на САД, им вели на американските граѓани повторно да ги откријат своите души, да ја рестартираат двостраната комуникација помеѓу индивидуалците и притоа со луѓе од цел свет да разменат идеи за нив скапоцени, вистински вредности, лични и хумани, како: семејство, образование или верба.

Во новата американска културна дипломатија, САД ќе треба повторно да го создаде тркалото. Мора повторно да влезат во игра државните и јавни политики кои треба да го модерираат и подигнат слободното движење на врвните американски идеи и производи, воедно комбинирајќи ги со човечки допир и меѓусебна зависност. Сето ова е причина за постоењето скромен пораст во овие неколку години во бројот на професионалци и фондови во однос на културната дипломатија за културно програмирање, како и за потрага на претходни и атуелни искуства во владините политики на ова поле. Секој ден се повеќе американски културни дипломати се враќаат на ова поле, и заедно со бизнис и граѓански преставници се стремат кон развивање нови контакти и промовирање на американските вредности и култура.

Конечно, САД, моќниот првак кој веќе еднаш триумфираше во „војната на идеи“ и глобалниот стремеж за слобода, се враќа во рингот и се подготвува за нови поголеми битки. Додека војниците на САД се борат за иднината на светот, САД сфати дека мора да се бори уште еднаш на масата за дебатирање за вредностите и идеалите. Културната

дипломатија на САД е назад, и со цел, да ги предизвика новите агресивни културни напади и идеологии од разбеснетите, истовремено да ја придобие љубовта од сите оние кои еднаш верувале во земјата на Слободата, т.е. оние „Кои ја сакаа Америка“.

*д-р Горан Рафајловски*
*Професор на Електротехнички факултет,*
*Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*

# ЕНЕРГЕТСКАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ЕУ И УЛОГАТА НА БАЛКАНОТ

**Abstract**

One of the priorities of European Union is to have sufficient quantities of energy at reasonable prices. Europe imports its energy needs primarily from three regions: Russia, the Middle East, and North Africa. Since 2002, the EU is trying to have access to energy resources in the Caspian Region, In Central Asia and in the Middle East in order to diversify its supply with primary energy. West Africa, Iraq, and Iran are potential suppliers, particularly given Turkey's prospective membership in the EU. The EU would than have a common border with both Iraq and Iran. Turkey will serve as an energy corridor like it dcoes already with the BTC – Pipeline. Nabucco would strengthen this strategic importance. The EU would then probably have to include the Caucasus, Iraq and Iran in its framework for a neighbourhood policy. For the future role of the EU in the so called frozen Conflicts Countries four thinks are important. It should not apply a double standards when it recognizes the independence of the new states; EU self-confidence needs to be more productive; EU should make better use of the strategic potential; Strengthens the implementation of new foreign and security policy mechanisms provided in the Treaty of Lisbon. Russia considers oil and gas as strategically important goods and is studiously seeking to maintain Central Asia and Caspian Region in dependence on Russia's pipeline infrastructure. Russia is trying systematically to block Nabucco gas pipeline project and has pushed instead South Stream-which would complement the already existing Blue Stream connecting Russia with Turkey. Gazprom has attempts not only to strengthen it's position in the European Union's gas imports but also to get hold of the domestic distribution networks in Southeast Europe, including Balkan countries like Serbia Bulgaria and Greece in particular, but in the same time in England, Germany, Italy and Venezuela.

Southeast Europe and Balkan was identified as an important transit region for energy security supply of EU. The Treaty of Establishing of Energy Community (signed in Athens on 25.10.2005 has two goals: to establish a common integrated electricity, and to prepare Southeast Europe for its projected role as a transit region for the diversified energy supply for Central and Western Europe, but also for Southeast Europe itself, by implementing a distribution network for natural gas from Caucasus and Central Asia.

**Вовед**

Уште во деведесетите години од минатиот век САД со нивната надворешна енергетска политика и безбедносна стратегија прават напори за етаблирање на енергетскиот Коридор Исток - Запад кој што енергетските ресурси, пред се од Каспискиот басен но и од Иран и Ирак ке ги пренесува во Европа а притоа нема да минува низ руска територија или територија контролирана од Русија. За САД безбедното снабдување со енергија на ЕУ независно од американските ресурси, е заеднички евро-атлантски проект[1]. Тоа треба да помогне на Европската Унија во одржливото исполнување на мировните операции ширум светот. Со други зборови ЕУ како доверлив партнер на САД во глобалната политика на јакнњето на демократијата и западните вредности, не треба да се потпира во иднина на американските ресурси, кои се ограничени, не треба да биде толку многу енергетски зависна од Русија, туку да има свои сопствен извори и енергетски коридори. Секако дека и Русија не останува пасивен набљудувач на овие светски состојби во Енергетската политика. Неодама потпишаниот договор за унапредување на развојот на атомската енергија во цивилни цели, меѓу претседателите на Русија (Медведев) и Венецуела (Чавез) ги отвара вратите за интензивни истражувања на нови наоѓалишта со уранова руда во Венецуела, како и изградба на нуклеарна централа, притоа истовемено, но не така интензивно како со Иран, ја зголемува вознемиреноста[2] кај светската демократска заедница. Ако на ова се надополни и потпишаниот договор меѓу

[1] 16th Meeting of the Atlantik-Brücke with CDRUSEUCOM and the Component Commanders,
Berlin, March 26, 2008

[2] Oleck Schedrov: Chavez Medvedev tour Russian warship in Venezuela, 27 Nov. 2008 Reuters

*Гаспром* и *Петролеј-Венецуела* за заедничко истражување и развој на нафтениот појас на реката Ориноко, јасно се гледа агресивниот енергетски настап на Русија со своите сојузници Куба и Венецуела на американскиот Континент како одговор на безбедносната енергетска стратегија на САД по однос на Кавказот и Централна Азија. Покрај борбата за тоа кој ке ги поседува изворите на гас и нафта, кој ке ги менаџира купопродажните договори со Европа и кој ке има контрола на гасоводите и нафтоводите, голема улога има и политиката на цени со енергенсите особено со земјите од Кавкаскиот регион. Така Цената на 1000 метри кубни гас од Туркменистан за Русија е 100 $. Истиот гас Русија го продава на Грузија за 230$. Додека гасот за Јужна Осетија кој Русија го испорачува преку гасоводот т.н. техничко чудо со должина од 163 км и делумно над 2500 мнв Џуарикау (Русија)-Чинвали (Јужна Осетија) чини само 40 $.

Со новиот Green Paper во 2006 година[3] Европската Комисија на 27-те земји членки на Европската Унија ја дефинира заедничката надворешната енергетска политика, базирана на три столба: Конкурентност, Одржливост и Безбедност во снабдувањето со енергенси. До 2030 година според Рудолф Адам од Сојузната Академија за безбедносни студии од Берлин[4], се проценува зависноста на Европската заедница од увоз на гас да порасне до 70%, од увоз на јаглен до 75% и на нафта до 90%. Според оваа стратегија итно се потребни алтернативни европски водови до енергетските извори во регионот на Каспиското море, Централна Азија, Блискиот Исток и јужното Средоземие.

Карактеристичен европски проект во насока на таква безбедносна енергетска политика е *гасоводот Набуко.* За време на кризата во Грузија август 2008, преку разните информации и медиумите се добиваше погрешна перцепцијата дека Набуко поминува низ Грузија и дека конфликтот во Грузија односно Русија би го закочил проектот[5]. Единствен гасовод низ Грузија е линијата БТЕ (Баку-Тифилис-Ерзурум) која од 2006 година гасот од Шах-Денис полето во Каспиското море го пренесува до источна Анадолја. Овој гасовод е во сопственост на Бритиш петролеум и норвешкиот Штатоилхидро. Изворите на гас кои би требало да го снабдуваат гасоводот Набуко лежат меѓу Иран и Азербеј-

[3] A Europian Strategy for Sustainable, Competitive and Secure Energy, European Commison Green Paper, 8 March 2006 Brussels.

[4] Dr. Rudolf G. Adams Geostrategic Dimension of Enregy Security, Atlantik- Brücke e.V. Rundschreiben Nr 4/2008

[5] Reinhard Mitschek, Direktor der Nabucco Geselschaft: Die Russen tasten die Pipelines in Georgien nicht an“ Rein: FAZ 29 August 2008 Nr 202 seite 14

џан во каспискиот басен и се втори по големина во светот, Осум пати поголеми од резервите на гас во северна Африка а само една тетина помали од сибирските. Целта на Набуко гасоводот кој почнува од Турција (Ерцурум) и треба да заврши во Австрија (Баумгартен) е да обезбеди од 2013 за Европа како главен потрошувач релативно одржливо и независно пред се од Русија, снабдување со гас. Гасоводот во должина од 3300 км (скоро половината е низ Турција), капацитет од 30 милијарди кубни метри, треба да биде завршен 2013 година и планираната инвестиционата вредност од 5 милијарди евра во 2004 година моментално е рекалкулирана на 7.9 милијарди евра.

**Енергетската сигурност на Европската Унија**

Веќе неколку години наназад Енергетската сигурност е најважната тема за Европската заедница а со тоа и на Југоисточна Европа[6]. До сега снабдувањето на ЕУ со енергенсите нафта и гас од Русија исклучиво се одвива преку нафто- или гасоводови преку Белорусија, Украина и Полска. Планираниот Гасовод Северен поток под Бајкалското море од Вајборг до Граифсвалд кој треба да се пушти во работа 2011 година е уште еден пример за јакнење на т.н. северни патишта а снабдување на ЕУ. Во последниве две години Русија интензивно работи на промовирање на проектот ***Јужен поток*** како одговор на европскиот проект Набуко. Проектот Јужен поток почнува од јужна Русија-Џубга на Црно Море преку Варна - Бугарија, и се дели на два правца. ***Северен правец*** преку Белград - Србија и наместо Австрија(како Набуко проектот) да заврши во Унгарија како главен европски снабдувач со гас и понатака да продолжи преку Словенија и Италија. И тн. ***Јужен правец*** преку Грција, јужна Албанија, Јадранско море, повторно оди до Италија.

На тој начин руската надворешна енергетска политика сака да постигне две работи. Прво претежно руски гас да испорачува во Европа и второ преку Србија, Грција и особено Унгарија како главен снабдувач за европскиот Пазар да го зајакне своето присуство и влијание на европскиот континент. Доста луцидно но и храбро сака да се искористи моменталната ситуација на несинхронизираност на енергетски интереси на 27-те членки на ЕУ. Русија и понатака оди тврдо во остварување на својата **Стратегија 2020** за модернизирање на Русија. И уште повеќе кон надополнување на економската стратегија со еден еден нов модерен воен елемент според залагањата на според западот новоимперија-

[6] Franz-Lothar Almann Südosteuropa und die Sicherung der Energieversorgung der EU, Stiftung Wissenschaft und Politik -Studie S1,Januar 2007, 27pp

листичкиот визионер Вјатчеслав Никонов, инаку внук на министерот за Надворешни работи на Русија од времето на Сталин, Вјатчеслав Молотов. Но дали Русија ќе продолжи со исто темпо во правец на т.н кинески модел на успешно авторитативно реформско модернизирање на земјата и притоа терајќи го моделот на западната демократија во дефанзива зависи пред се од идната активна улога на Европката Унија и ефикасното спроведување на големиот надвоерешно политички проект т.н Европска соседска политика European Neighbourhood Policy (ENP). Најновиот конфликт во Грузија, како еден од четирите смрзнати Конфликти (Frozen Conflicts)[7] јасно покажува дека Европската Унија е лимитирана во способностите но и можностите за брзо и превентивно решавање на конфликтните состојби по т.н студена војна.




За една одржлива и доверлива соседска политика кон Русија, а по однос на постсоветските територии од круцијално значение се четири фактори. Прво Европската Унија не треба да употребува двојни стандарди при признавањето на новите независни држави. Во момен-

[7] Stefani Weiss: Frozen Conflicts-Kant reloaded, Spotlight Europe-September 2008, Bertelsmann Stiftung

тот би било многу тешко Западот да ги оправда своите постапки доколку Русија покрај Јужна Осетија и Абхазија го признае и Косово. Исто така е доста комплицирано и тешко да се објасни зошто Западот нема разбирање за сецонистичките движења во Јужна Осетија и Абхазија, додека процесите на градење на држави во Црна Гора и Косово ги оправдува и подржува. Второ Европа треба да има по продуктивна позиција и поголема самодоверба како партнер во преговори со Русија особено при презентирање на своите технички но и цивилизаторски стандарди и вредности. Трето Употреба на т.н мека сила (Soft Power) како стратегиски потенцијал на добри преговарачки позиции. Со други зборови воените решенија никако не смеат да преставуваат супституција на водењето лоша политика. И четврто практична реализација на заедничка Надворешна и Безбедносна Политика (Common Foreign and Security Policy), јасно изразена во Лисабонскиот Договор.

**Можни сценарија во политичките односи Русија- Германија**

Русија со извоз покрива 43.8% од потребите на гас и 31.8% од потребите на нафта во Сојузна Република Германија. Оваа значителна зависност од енергенси ја прави германската надворешна енергетска политика кон Русија да биде уште попретпазлива. Резултатат на оваа синхронизирана германска политика е стратешкиот документ од четириесетина страни кој уште во декември 2007 година е развиен од страна на група експерти за руско-германските односи во штабот за планирање на министерството за надворешни работи[8]. Се разгледуваат три сценарија до 2020 година. Најповолното сценарио е во случај на ефикасно модернизирање на Русија, односно т.н руски Давос. Тоа би било понатака поврзано со интегрирање на Русија во светската економија во Светската трговска организација, поврзано со сукцесивно приближување на Русија кон европските норми и стандарди како правна држава. Со една таква Русија би можел западот односно ЕУ да склучи **Стратегиска Унија** и на тој начин да се избегне непотребното безбедносно политичко оптоварување на една ваква реформски ориентирана Русија со отварање на НАТО перспективата за Грузија. Како втор модел е **Селективно Партнерство**. Тоа би било резултат на стагнација на реформите во Русија. Во тој случај на сила би бил моделот Cherry Picking (колвање на грозје) што значи секоја страна ќе соработува само на поле кое нејзе и одговара. Авторите на овој стратегиски документ меѓутоа опоменуваат дека форсирањето на приемот на Грузија во НАТО во тој

---

[8] Ralf Beste, Uwe Klussmann,Gabor Staingart: EU und NATO ringen um Einigkeit im Verhalten gegenüber Russland, Der Spiegel Nr.36, 01.09.2008

случај би одел во корист на националистите а не на демократски ориентираните руски сили. Во таков случај природни партнери на реформски ориентраните сили од рускиот естаблишмент се ЕУ и Германија а не САД или Кина. Третиот модел е **Авторитативно - Империјалитичка Русија**. Во тој случај за ЕУ и за Германија е исклучена можноста за стратегиско партнерство. Се предвидува дека Русија ќе се охрабри и признае односно анектира Јужна Осетија и Абхазија (што и реално се случува) што директно би водело во посилно врзување на Грузија во Евроантлантските безбедносни структури. Во тој случај одговорот на оваквото руско надворешно-политичко охрабрување би било јакнење на ЕУ и НАТО. Во оваа варијанта ризично е но и опасно да се одговори со иста мерка, односно со изолација на Русија. Најдобар одговор на ЕУ би бил ограничена соработка, односно да се држи вратата подотворена како не би се изгубил дијалогот особено со демократски ориентираните сили. Истовремено би требало на Русија да и се стави на знаење дека една ваква ограничена соработка не смее да биде само во една насока, ако се сака да се има пристап до модерната западна технлогија неопходна за модернизација на земјата.




**Заклучок:**
**Која е улогата на Југоисточна Европа и Балканот?**

Со прокламирањето на независноста на Косово во февруари оваа година се затвори и последнато прашање од поранешната Југославија. Балканот стои пред предизвикувачки период на стабилизација и напредок. За Европската Заедница е многу важно со какво темпо и на кој начин ќе се движи и развива во иднина овој дел од Југоисточна Европа. Советот за безбедност на Обединетите Нации на својата седница на 27 ноември 2008 едногласно го подржува планот на генералниот секретар на ОН Бан Кимун за реадаптација на УНМИК во согласност со Белград, со што се овозможува практично отпочнување на ЕУ-мисијата ЕУЛЕКС[9]. Со ова дефакто се прави вовед во поделба на Косово а како најдобар доказ се изјавите на инволвираните страни. Коментарот на Москва е дека Западот направил сериозна отстапка во полза на Србија, властите во Приштина и Белград покажуваат воздржаност, а Западот истакнува дека ЕУЛЕКС, според планот од шест точки ќе има неутрален став по однос на Статусот на Косово а мисијата на ОН ќе ја задржи контролата врз полицијата судот и царината во северниот дел (Метохија) каде србите се мнозинство, што секако внесува збунетост имајќи го предвид фактот дека Косово е признаено досега од 52 држави. Единствено Рамуш Харадинај во својство на претседател на опозиционската Алијанса за иднината на Косово истакна дека е ова поделба на Косово[10] и ја обвинува Косовската влада за безвизионерство и политичка загуба.

Повеќе години на Балканот се води борба меѓу Русија од една страна и САД и ЕУ од друга за превласт и влијание пред се во сферата на енергетската политика. Југоисточна Европа со тоа и Балканот до скоро немаа важна стратегиска улога во снабдувањето со гас на земјите од Европската Унија. Но од 2002 ЕУ почнува итно да ја развива и имплементира стратегијата на алтернативно снабдување со енергенси во насока на одржлива енергетска стабилност и релативна независност од Русија. Во ноември 2002 година на ЕУ Самитот во Солун во рамките на т.н Атински Процес се поканети и земјите од Југоисточна Европа со цел да ги изнесат своите ставови и планови за развојот на еден иден интегриран и конкурентен регионален Пазар на енергија. После долги преговори кои Европската Комисија ги води со земјите од регионот, подржана од Пактот за Стабилност за Југоисточна Европа а овластена од Министерскиот Совет на земјите членки на ЕУ, на 8 декември 2003 година се потпишува Атинскиот Меморандум за Разбирање. Во основа земјите потписнички на овој Меморандум за разбирање се обврзуваат

[9] www.**eulex**-kosovo.eu, www.kosovo-forum.de
[10] 27.nov. 2008 www.b92.net/eng/news/politics

на усогласување на заеднички правила, регулатива, и компатибилни акциони планови за усогласување на пазарот на гас и електрична енергија на национално и регионално ниво. И што е за ЕУ најважно создавање на правна рамка со која може трет партнер слободно, рамноправно и конкурентно да се приклучи на заедничкиот енергетски пазар и преносен систем во Југоисточна Европа. Како резултат на овој меморандум на 25 Октомври 2005 во Атина конечно ЕУ и земјите од Југоисточна Европа го потпишуваат еден од најважните мултиратерални договори во новата заедница на демократски држави - Договорот за создавање на Енергетска заедница[11] (Treaty Establishing the Energy Community). Целта на потпишувањето на овој договор е хармонизирање на енергетската регулатива, јакнење на довербата и регионалната соработка на полето на електрична енергија и гас и преставува меѓучекор во идното интегрирање на овој дел во зедничкиот енергетски пазар на ЕУ[12]. Покрај Турција низ чија територија поминуваат сите нафтоводи и гасоводи, особено по потпишување на Договорот за создавање на Енергетска заедница клучна улога со не помала важност за одржливо снабдување на Европа со главните енергенси ќе игра и Балканот. Територијата на Република Македонија според досегашните планови и стратегии не е земена предвид како една од главните транзитни земји за гас од Кавкаскиот регион кон Европа. Одолжувањето на приемот во НАТО и отпочнувањето со прговори за членство во ЕУ ја прави територијата на Македонија се понесигурна и неатрактивна за вакви инвестиции во енергетиката од глобален карактер.

И двете најангажирани варијанти за транзит на гас низ југоисточна Европа - **Европскиот проект Набуко** (кој треба да користи извори на гас во Кавкаскиот регион независни од Русија) и **Рускиот т.н Путинов проект - Јужен поток** кој се базира на руски извори гас, ја заобиколуваат територијата на Македонија.

[11] Treaty Establishing the Energy Community http://www.energy-community.org/

[12] Franz-Lothar Altmann: Energy Supply Determining the Future of (Southeast) Europe, SÜDOSTEUROPA Mitteilungen 03/2008.

*д-р Ганка Цветанова*
*Професор на политички студии*
*Универзитет Американ Колеџ*

# МАКЕДОНСКАТА ПРИКАЗНА ВО КОНТЕКСТ НА СОВРЕМЕНИОТ ДИСКУРС ЗА ЕВРОПСКИОТ ИДЕНТИТЕТ

**Abstract**

Identity is an issue for which many arrows are being broken. As bio - sociological category, the identity is not given once for a lifetime. It is an issue which is gradually developed and formed during human life. In the same time, the identity represents dynamic process of forming, changing and balance, conditioned by many inner and outer influences.

In this study I am discussing the issue: is Republic of Macedonia able to be part of the mosaic called European identity.

Дискусиите за значењето и важноста на идентитетот претставуваат неизбежен дел од денешните политички, културни, социолошки и филозофски дебати. Поимот идентитет е еден од најчесто повторуваните зборови на меѓународните собири и во меѓународните документи, но исто така и во публицистиката и во политичките говори.

Идентитетот е прашање околу кое се кршат многу копја. Како биосоциолошка категорија, идентитетот не е даден еднаш за секогаш. Тој се гради и формира во текот на целиот човечки живот. Истовремено, идентитетот претставува и динамички процес на формирање, менување и урамнотежување, условен од мноштвото внатрешни и надворешни влијанија. Оттука, неговата менлива природа, но и релативноста во однос на контекстот - како еден од најзначајните елементи кои влијаат при конструкцијата на човековиот идентитет - овозможува прашањето за идентитетот честопати да се злоупотребува во одредени политички цели и во тој случај велиме дека идентитетот служи како основа за манипулирање со политиките на признавање.

И во Република Македонија, прашањето за идентитетот е една од најактуелните теми во моментов, тема која ја преокупира и научната и

политичката, па дури и целокупната македонска јавност. Сепак, за приоритетно и прашање од исклучителна важност во контекст на нашите евроинтегративни заложби, го ценам следното: *дали Република Македонија може да биде дел од мозаикот наречен европски идентитет.*

За да одговориме на ова прашање или барем се обидеме да дадеме одговор, најнапред треба да се позанимаваме со современиот дискурс за европскиот идентитет, а потоа да видиме дали и колку Република Македонија се вклопува во современото поимање за европскиот идентитет.

Постојат повеќе пристапи, или повеќе аспекти од кои може да биде разгледуван европскиот идентитет и дефиниран како таков.

Во една од постоечките дефиниции се вели дека европскиот идентитет почива на идејата за заедничко културно семејство. Според оваа концептуализација, европскиот идентитет се заснова на заедничкото културно наследство и заедничкото историско искуство, кои овозможуваат воспоставување на семејство на култури. Согласно оваа дефиниција и гледано од историски, цивилизациски, културолошки и географски аспект, Македонија природно припаѓа во Европа и на големото европско семејство.

Од друга страна, треба да се потенцира, дека идејата за европскиот идентитет не претпоставува хомогенизација на културите. Напротив. Таа се стреми кон признавање и унапредување на различностите и мултикултурализмот. Гледано и од овој аспект, Република Македонија ги задоволува европските стандарди, особено по имплементацијата на Рамковниот договор и неговото преточување во Уставот и законите, со што на различните етнички заедници им беше загарантирано и унапредено правото на изразување на сопствената култура и идентитет.

Според една друга дефиниција, пак, која ја сметам за уште посуштествена и на која подетално ќе се осврнам, европскиот идентитет почива на идејата за Обединета Европа.

Имено, идејата за Европа, која е произлезена буквално од пепелта на Втората светска војна, е втемелена и во рамките на водечките принципи на европските договори. Оваа идеја почива на принципот на воспоставување на економска и политичка соработка со една единствена цел, поттикнување на безбедноста и стабилноста во европскиот регион. Истовремено идејата за Европа подразбира и прифаќање на одредени заеднички, или т.н. универзални вредности како што се: демократијата, владеењето на правото, човековите права и хуманизмот. Овие идеали кои ги симблизират водечките принципи на идејата за Европа и

истовремено го сочинуваат јадрото на основата на европскиот идентитет.

Поранешниот генерален секретар на НАТО, Даниел Таршиз, ќе ја даде следната воопштена дефиниција за европскиот идентитет, со која оваа категорија (европскиот идентитет) се пренесува во сферата на политиката, односно на европскиот идентитет му се дава политичка димензија. Така, Таршиз ќе го дефинира европскиот идентитет како:

"Мошне силна посветеност кон поединецот, посветеност кон социјалната кохезија и солидарноста, почитување на човековите права, толеранцијата, овие се некои од оновните принципи. Секако, владеењето на правото и идејата дека владата мора да биде обврзана со правни принципи и дека луѓето мора подеднакво да се третираат."

Според оваа веќе општо прифатена дефиниција, идентитетот се поистоветува со индивидуализмот, социјалната кохезија и толеранцијата. Овие категории, или поточно овие идеали се сфаќаат како универзални вредности. Токму поистоветуањето на европскиот идентитет со универзалните вредности, го лоцира во сферата на политиката и на тој начин станува еден вид на политички идентитет.

Оттука, формирањето и развојот на европскиот идентитет, кој почива на универзлните вредности, мора да биде тесно поврзано и со развојот во политичката сфера. Неопходна е институционализација на европскиот идентитет, а тоа значи дека механизмите кои треба да го гарантираат почитувањето и реализацијата на универзалните вредности треба да бидат отелотворени во институциите на системот и државата. Токму процесот на европската интеграција е процесот кој треба да ја овозожи неопходната институционална рамка за формирањето и развојот на европскиот идентитет. Институционализацијата на европскиот идентитет треба да се одвива паралелно со процесот на европската интеграција.

Како и секоја друга форма на иднтитет, така и европскиот интитет треба да биде во можност да поттикне еден вид на приврзаност. Во модерната ера овој вид на приврзаност се однесува на приврзаноста кон либералниот хуманизам, граѓанските права, слободата на размислување, верување и изразување, еднаквоста, владеењето на правото, општествената одговорност и демократијата. Оттука, формирањето на идентитет на европско ниво претпоставува тесно поврзан однос помеѓу општествените и политичките сили, помеѓу политичката свест, политичката волја и политичката одлучност за институционализирање на европскиот идентитет.

Оттука, на европскиот идентитет и идејата за Европа не треба да се гледа единствено како на цел, туку напротив, на нив треба да се гледа како на политички проект и долгорочен процес, онаков како што е впрочем и процесот на европската интеграција.

Со самото прифаќање на современото поимање или вклопувањето во современиот дискурс за европскиот идентитет и усвојувањето на универзалните вредности како дел од сопствената идеолошка матрица, Република Македонија е веќе чекор понапред во своите евроинтегративни заложби. Во одредени сегменти, особено во сферата на културните права и употребата на јазиците, Р. Македонија ги има аплицирано речиси највисоките светски стандарди пропишани со меѓународните документи со правно-обврзувачки карактер. Сепак, Р. Македонија треба да работи на јакнење на својот целокупен демократски капацитет, функционирањето на правната држава, развивањето на чувството на заедничка припадност кај сите нејзини граѓани, и конечно, на целосното институционализирање на универзалните вредности на кои се темели идејата за Европа и кои го сочинуваата јадрото на европскиот идентитет.

На крајот, би звршила со цитат од Жан Моне, творецот на идејата за Обединета Европа, кој за неа ќе каже:

"Европа всушност и никогаш вистински и не постоела. Таа не претставува збир на суверени држави собрани заедно во совети кои претставуваат ентитет. Некој мора вистински да ја создаде Европа."

Па така и ние мораме вистински да ја создадеме Европска Македонија и мора да работиме на создавањето на својот европски идентитет, доколку, се разбира сакаме да станеме дел од големото европско семејство.

*Уредниците и издавачите на „ГЛОБАЛ“ не одговараат за евентуални случаи на плагијаторство или нерегулирани авторски и издавачки права врз текстовите кои се објавуваат.*
*Ставовите изнесени во списанието не се ставови и на Институтот за економски и меѓународни односи „ОХРИД“, туку претствуваат лични гледишта на нивните автори и потписници.*